МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

КРИМИНАЛИСТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УБИСТВА НА ЖЕНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СТУДЕНТ: **КРИСТИНА МАНОВА**
БРОЈ НА ИНДЕКС: М8 7004
МЕНТОР: **ПРОФ.Д-Р ВАСКО СТАМЕВСКИ**

Свети Николе, 2021

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА:

1. проф. д-р
2. проф. д-р
3. проф. д-р
4. проф. д-р

ИЗЈАВА

Изјавувам дека при изработката на магистерскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.

Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавил:

Кристина Манова

Краток извадок

Со извршување на убиство се создава чувството на колективна небезбедност во општественото живеење, од каде што произлегува и сериозноста и потребата за истражување на неговата појава, особено што безбедноста на општественото живеење се огледува по бројот на извршени убиства.

Криминалистичките карактеристики на убиствата ни даваат информации околу ситуацијата во која се извршило кривичното дело убиство, којашто претставува систем од елементи кои го опкружиле сторителот во моментот на извршување на кривичното дело.

Во контекст на тоа, со користење на елементите на криминалистичките карактеристики на убиствата во однос на жртвата, го издвојуваме фемицидот кој претставува најекстремна манифестација на машкото насилство врз жените, за кој сѐ уште постојат ограничени податоци.

Во Република Северна Македонија фемицидот не е препознаен како посебно кривично дело во Кривичниот законик и се регистрира како и секое друго убиство.

Клучни зборови: убиство, жртва, кривично дело, сторител,

Abstract

The commission of murder creates a feeling of collective insecurity in social life, hence the seriousness and the need to investigate its occurrence, especially since the security of social life is reflected in the number of murders committed.

The criminal characteristics of the murders give us information about the situation in which the crime of murder was committed, which is a system of elements that surrounded the perpetrator at the time of the crime.

In this context, using the elements of the criminal characteristics of the murders in relation to the victim, we single out the femicide which is the most extreme manifestation of male violence against women, for which there are still limited data.

In the Republic of Northern Macedonia, femicide is not recognized as a separate crime in the Criminal Code and is registered like any other murder.

Keywords: murder, victim, crime, perpetrator,

С О Д Р Ж И Н А

ВОВЕД 9

I. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ И ТЕОРЕТСКО-МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП КОН НЕГОВО ПРОУЧУВАЊЕ 10

1. Формулација на проблемот 10

1.1 Предмет на истражување 13

1.1.1. Поимно - категоријален апарат 14

1.1.2. Операционално определување на предметот 15

1.1.3. Дисциплинарно определување на предметот на истражување 16

1. 2 Цели на истражувањето

1.2.1. Научна цел на истражувањето 16

1.2.2. Општествена цел на истражувањето 17

1.3 Хипотетска рамка 19

1.4 Методи и техники на истражувањето 19

1.4.1 Начин на истражувањето и користени инструменти 20

1.5 Просторна и временска рамка на истражувањето 21

1.6 Научна и општествена оправданост на истражувањето 21

II. КРИВИЧНО-ПРАВНИ АСПЕКТИ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО УБИСТВО 24

2.1 Кривично-правни аспекти на кривичното дело убиство 25

2.2 Кривично-правна определеност на убиствата според КЗ на РСМ 26

2.3 Класификација на убиствата 29

III. КРИМИНАЛИСТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УБИСТВА НА ЖЕНИ ВО РСМ 31

3. Криминалистички карактеристики на убиствата на жени 31

3.1 Начин на извршување 32

3.2. Криминална ситуација 33

3.2.1Убиства на жени како последица на семејно насилство и интимно партнерско насилство 33

3.2.2 Убиства на жени и девојки во име на „чест“ 34

3.2.3 Убиства на жени поради мираз 35
3.2 4 Убиства на жени поврзани со организиран криминал 35
3.2.5 Намерни убиства на жени во војна 36
3.2.6 Женски инфантицид и родово заснован полово селективен фетицид 36
3.2.7 Убиства на жени како последица на генитално осакатување и убиства на жени обвинети за вештерство/волшебништво 37
3.2.8 Мизогино убивање на жени 38
3.3 Трагите од кривичното дело 38
3.3.1 Биолошки траги 39
3.3.1.1 Траги од крв 39
3.3.1.2 Траги од сперма 39
3.3.1.3 Траги од плунка 40
3.3.1.4 Траги од влакна и коса 40
3.3.1.5 Траги од нокти 40
3.3.1.6 Траги од папиларни линии 41
3.4. Личноста на сторителот 41
3.4.1 Темпераментот на сторителите на убиство 42

IV. МЕТОДИКА НА КРИМИНАЛИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА УБИСТВА НА ЖЕНИ 43
4. Методика на откривање, расветлување и докажување на кривичното дело убиство на жени 43
4.1 Основи на криминалистичко истражување на убиствата на жени 45
4.2 Индиции 46
4.3 Постапување на јавниот обвинител во случај на убиства 47
4.4 Процедура на постапување на полициските службеници на МВР за кривичното дело убиство 50
4.5. Начин на дознавање на извршено убиство 54
4.5.1 Пријава на исчезнато лице 55
4.5.2 Пријава за откриен труп 56
4.5.3 Пријава од сведоци 57
4.5.4 Анонимна и псевдоанонимна пријава 58

4.5.5 Јавно озборување за семејно насилство и насилство врз жени 59
4.5.6 Активности на полицијата 60
4.5.7 Пријава од здравствена установа 60
4.6 Мерки и дејствија од првиот оперативен зафат 63
4.7 Специфичности при вршење увид на местото на настанот 67
4.7.1 Опис на лице местото 69
4.7.2 Скицирање на лице на местото 70
4.7.3 Претрес на дом и други простории 70
4.8. Криминалистичка обработка на криминален настан 74
4.9 Идентификација на жртвата 74
4.10 Информативен разговор со лицата кои можат да дадат информации 76
4.11 Сведоци, вештаци од корист при расветлување на случајот 76
4.11.1 Тактика на сослушување сведоци 80
4.11.2 Заштита на сведоци 83
4.12 Откривање на сторителот 85
4.13 Лишување од слобода 86

V. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА УБИСТВА НА ЖЕНИ ВО РСМ 89
5.1. Резултати од истражувањето 89
5.2. Дискусија на резултатите 89
5.3. Компаративна анализа на убиства на жени 94

ЗАКЛУЧОК 105
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 106

ВОВЕД

Крвните деликти или кривичните дела против животот и телото ги опфаќаат сите дејствија со кои се напаѓа животот и телесниот интегритет на човекот. Типичен претставник на таа група на кривични дела е убиството. Со него се напаѓа животот кој е биолошко-социолошки единствена појава која е неповторлива. Овој труд посебно е насочен кон анализа на убиствата на жени од разни побуди, чиј број постојано расте, поради што се наметна и потребата од правно регулирање на односите во бракот и семејството. Разработката на основните тези произлезе од спроведено кратко истражување од достапни информации и добиен податок дека кај мажите постои поголем ризик да доживеат физичко насилство или да бидат убиени од други мажи, додека насилството помеѓу жени не се случува често. И додека мажите најчесто доживуваат насилство во јавните простори, насилството врз жените најчесто се случува во приватност, односно сторители се партнери, поранешни партнери, сопрузи или други машки членови од семејството и поширокаата фамилија.

Направената анализа има за цел да понуди конкретни препораки за подобрување и унапредување на системот за заштита на жените жртви на семејно насилство, намалување на родово заснованото насилство, идентификување на случаите со висок ризик од фемицид, особено во првите месеци по напуштањето на насилникот од страна на жртвата и превенција од појава на нови фемициди.

Со оглед на недостаток на податоци, не е можно да се квантифицира бројот на родови убиства надвор од семејството, но ова истражување ги опишува нивните различни манифестации. Достапните информации покажуваат дека, освен убиства поврзани со пол, во поставувања на конфликти поврзани со пол, убиства на жени и девојчиња надвор од семејството, се релативно ретки во споредба со убиствата извршени од страна на интимни партнери или други членови на семејството.

I. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ И ТЕОРЕТСКО-МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП КОН НЕГОВО ПРОУЧУВАЊЕ

1. Формулација на проблемот

Криминалитетот претставува огромен проблем во литературата, бидејќи многу автори имаат различни ставови во однос на тоа што претставува криминалитет и кои дела можат да се подведат под тој термин. Различните ставови доведоа до тоа да има многу различни дефиниции, но сите се согласни во едно, дека основата на едно насилство е самото дејствие на примена на физичка или психичка сила.

Од македонските автори формулација дава Кралев, кој смета дека во основата на секое насилничко однесување се наоѓа агресивноста. Според него, криминалитетот на насилство претставува посебен тип, облик на криминалитет. „Тоа што ги поврзува кривичните дела со елементи на насилство е појавувањето на агресивност, односно агресивно поведение на сторителите спрема жртвите во различни варијанти и со различен интензитет“.[1]

Самата формулација го одредува општественото значење на криминалитетот на насилство. Општеството почнува да се грижи за овој вид криминалитет од моментот кога истиот почнува да врши многу негативни влијанија врз поединците и заедницата во целина, кога како резултат на применувањето на криминалитетот на насилство кај поединците доаѓа до морално и духовно пропаѓање, кога тие стравуваат за својата безбедност и сигурност. Интересот на криминлогијата за овој вид криминалитет е одреден не толку со недокнадливоста на штетата, туку поради фактот што со него се загрозува широк круг на луѓе, ја намалува сигурноста на луѓето во живеењето и работата, создава чувство на несигурност, анксиозност што долго трае и преминува во патологија. За значењето и интересот на криминологијата за

[1] Кралев, Т. (2004) Криминологија: преглед на основните поими, Студентски збор, Скопје, стр. 203

криминалитетот на насилство зборува и Сулејманов, кој доаѓа до заклучок дека насилството станува составен дел на многу кривични дела.[2]

Фокус на насилството сепак било и ќе биде убиството, кое се смета дека се појавило во ист или сличен облик уште со самата појава на човекот, кое во прв момент било начин на опстојување, односно преживување според законот на природата, па со текот на времето да прерасне во начин за стекнување на противправна корист, па сѐ до денес како начин за решавање на меѓучовечки односи итн. Акцентот паѓал на убиствата на мажи како најпрепознатливо кривично дело во криминологијата и криминалистиката како наука за тактиките и методите на откривање на кривичните дела со посебни обележја на сторителите на истите. Но, во теоријата како категорија дури воопшто не било познато убиството на жени. Неофицијалниот термин за убиствата на жени „Femicid“, кој сѐ почесто се употребува во поновата литература и претставува најтешка форма на насилство врз жени и девојчиња кои се појавуваат во многу форми. Причините се наоѓаат во историски нееднаквата дистрибуција на моќ помеѓу мажите и жените, како и во системската родово заснована дискриминација. Непостоење на законска рамка која промовира родова еднаквост и/или неимплементирање на истата придонесува кон нееднаков пристап на жените и мажите до образование, здравствена заштита, социјална заштита, платена работа, стекнување со имот, финансии и многу други сфери. Нееднаквите можности на жените и мажите доведуваат до зголемен ризик кај жените да станат жртви на насилство.

Дефинирано терминот „фемицид“ означува намерно убиство на жена затоа што е жена. Една од првите личности која го употребила терминот фемицид е феминистичката авторка Дајана Е. Х. Расел, која го дефинира фемицидот како „убиство на жена од страна на лице од машки пол затоа што е жена“.[3]

---

[2] Сулејманов, З. (1995) Убиствата во Македонија, НИО, Студентски збор, Скопје,стр. 86

[3] https://en.wikipedia.org/wiki/Femicide Фемицид или феминицид е полов термин за кривично дело омраза, општо дефиниран како „намерно убиство на жени или девојчиња затоа што се жени“, иако дефинициите варираат во зависност од неговиот културен контекст. [1] Феминистичката авторка Дајана Е. Х. Расел беше првата личност што го дефинираше и шириле овој поим во модерното време, во 1976 година. Таа го дефинира зборот како „убиство на жени од мажи затоа што се жени“. Другите феминистки стават акцент на намерата или целта на делото да биде насочено кон женките, особено затоа што се жени. Другите вклучуваат убиства на жени од жени

Други термини кои се користат освен фемицид, се убиство во име на „честа“ и злосторства од страст. Некои феминистки сметаат дека мотивите кои доведуваат до фемицид се многу поразлични од мотивите за убиство. Всушност, фокусот не се става на насилство кое се случува на улица, туку на насилството кое се случува во домот или од страна на најблиските лица на жртвата.

Фемицидот е подвид на геноцид, убивајќи жени затоа што се жени. Подвидови на фемицид е фетифемицид, абортус на женски фетус. Според Андре Мишел, најмасовниот геноцид во историјата пред Втората светска војна е фемицид - горење жени во средината и почетокот на новиот век поради обвинението дека се вештерки. Се проценува дека биле убиени десетици лица, илјадници жени за време на практиката на палење вештерки.

Во различни култури, фемицидот се изразува на различни начини. Во Индија е поврзано со палење жени ако семејството на сопругот сака да добие друг мираз или ако семејството на жената не го платило миразот во целост. Борбата против горење жени, што е прикажано како „несреќа“, продолжува и денес.

Во Африка, причината за фемицидот е сè уште живиот обичај на осакатување на женските органи, со отсекување на клиторисот или поширокаата област на вагината, како традиционална практика на насилство врз жените што се обновува од генерација на генерација. Последиците од ова осакатување често имаат фатален исход. Гениталните осакатувања на жените кои се мигранти од Судан, Сомалија, Египет и други африкански земји, каде практиката на осакатување е честа појава, е пренесена и во европските земји, така што оваа практика станува позната и во областа на „стариот континент“. Фемицидот се случува и заради заштита, ако жената извршила или се обидела да изврши прељуба. Сите фемицидни практики служат за одржување и повторно воспоставување на доминантната положба на мажите и нивниот авторитет врз животот и телото на жените.[4]

[4] Јариќ, В. и Радовиќ, Н. (2011) Речник за родова рамноправност, Второ изменето и дополнето издание, Белград, стр. 63

Познавајќи го фактот дека не постои криминалитет без насилство, така при определување на предметот на истражување најпрво мора точно да се набројат кои постапки влегуваат под поимот кртиминалитет во Република Северна Македонија. Ќе се анализираат гледишта на различни автори кои се обиделе да го определат поимот криминалитет. Така, некои автори сметаат дека криминалитетот на насилство ги опфаќа: умислените убиства, телесните повреди, чедоморствата, разбојништво, изнуда, сексуални деликти, лишување од слобода, абортусите и слично. Сепак, може да се каже дека постои согласност околу тоа дека криминалитетот на насилство претставуваат умислените убиства, умислените повреди, разбојништвото, сексуалните деликти со насилство и присила. Шепаровиќ во рамките на овој вид криминалитет ги вбројува: кривичните дела против животот и телото и сексуалните деликти, противправното лишување од слобода, злоупотребата на положбата, разбојништвото, спречувањето на службеното лице во вршење на должноста, насилничкото однесување на јавно место.[5]

Бачиќ во својот обид да го дефинира насилничкото однесување смета дека тоа претставува примена на физичка или психичка сила, било да се работи за постапки со кои се сака жртвата да се присили на нешто, било без таа намера, но секогаш мора да се работи за агресивност од поголем интензитет. Поимот опфаќа физичка агресивност спрема одредена личност, т.е. примена на физичка сила спрема физичкиот интегритет на друг, напад кој донесува повреда или загрозување на животот или телото, тешки малтертирања од физичка природа. Насилството може да биде и со психичка присилба, потешко психичко малтертирање, предизвикување трајно и посилно чувство на лична несигурност, вознемиреност. [6]

[5] Шепаровиќ, З. (1981) Криминлогија и социјална патологија, Загреб, стр. 99,

[6] Bačič, F. (1989) Opšti pogled na krivično pravnu problematiku delikta nasilija, Prosveta, Beograd, стр. 3

1.1 Предмет на истражување

Ова истражување е насочено кон анализа на убиства извршени во рамки на семејната сфера и испитува форми на убиства поврзани со полот извршени надвор од семејната сфера. Се разгледуваат размери на убиства на жени и девојчиња поврзани со интимен партнер/семејство и опишува различни форми на убиства врз жени поврзани со полот. Исто така, ги разгледува карактеристиките на сторителите на убиства на интимни партнери, врската помеѓу смртоносно и несмртоносно насилство врз жени, и одговор на кривичната правда.

1.1.1. Поимно - категоријален апарат

Во рамките на поимното определување на категоријалниот апарат, се дефинираат поимите кои ќе се употребуваат во текот на нашето истражување.

Двата поима, „фемицид“ и „феминицид“, се широко користени во врска со концептот на убиство поврзано со полот, на жени и девојчиња. Конвенционалното разбирање ја пренесува идејата дека се злосторства од омраза врз жени извршени од мажи едноставно заради родовите улоги доделени на жените.

Терминот „фемицид“ беше воведен во литературата пред неколку децении за да се дефинира родовата врска и мотивацијата поврзана со убиство на жени и девојчиња. Иако терминот привлече внимание до тој степен што сега го користат некои влади и широк спектар на засегнати страни, на глобално ниво таму не е заеднички договорена дефиниција за тоа што претставува „фемицидот“. Она што може да се забележи, е плуралност на дефиниции кои произлегуваат од различни правни и социолошки пристапи, кои укажуваат на елементи кои можат да придонесат за означување на кривично дело „фемицид“.[7]

[7] https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/MEMO_18_5904

Криминолошкиот пристап кон родово убиство на жени и девојчиња или „фемицид“ се појави во изминатите две децении, до степен до кој сега се користи во епидемиологија и истражување на јавното здравство. [8]

Поимот **убиство** се дефинира како насилен акт на едно лице преку коешто дошло до згаснување, односно уништување на животот на друго лице.

Криминалистичка техника е потсистем на криминалистиката и претставува систем на знаења за проучување и примена на најсоодветни средства, начини и методи од областа на природните и техничките науки (биологија, хемија, физика, техника итн.) кои ги користи и прилагодува, ги усовршува или создава нови на нив слични методи за потребите на преткривичната и кривичната постапка, како и за откривање, прибирање, обезбедување и фиксирање на траги и предмети на кривичното дело, со цел откривање и утврдување на кривичното дело и на неговиот сторител и воопшто за спречување на криминалитетот.

Криминалистичка методика е третиот потсистем на криминалистиката и претставува целокупност на примена на стандардните методи, начини и средства од тактиката и техниката на конкретен оперативен, односно кривичен предмет, во специфични услови на криминалистичка контрола, обработка и кривична постапка за одредени видови кривични дела и сторители во репресивни и превентивни цели.[9]

1.1.2. Операционално определување на предметот

Операционално определување на предметот го сочинуваат повеќе елементи кои се условно поврзани помеѓу себе, што значи станува збор за верига од елементи кои еден без друг не можат да стојат самостојно.

Прв елемент е *фактичка состојба* преку нејзините составни делови од кои произлегуваат криминалистичките карактеристики.

Втор елемент се *условите, односно приликите* под кои е извршено кривичното дело.

[8] Stoeckl, H. et al., „The global prevalence of intimate partner homicide: A systematic review“, *The Lancet,* Vol. 382 (2013)

[9] Ангелески, М. (2007) Вовед во криминалистика, Скопје, стр 18

Во трет елемент влегуваат *учесниците,* каде спаѓаат сторителот и жртвата на кривичното дело, како и органите за прогон кои учествуваат во разоткривање, разјаснување и докажување на кривичното дело и на крај приведување на сторителот кон установите за извршување на кривичната санкција.

Како четврти елементи можат да се вбројат мотивите, односно причините поради кои сторителот го извршил кривичното дело и кои од интерес сакал да ги задоволи вршејќи го кривичното дело убиство.

На крај сите активности на сторителот треба да бидат насочени кон остварување на целта, односно вршење на кривично дело убиство.

1.1.3. Дисциплинарно определување на предметот на истражување

Насловот упатува на тема која го покрива опсегот на криминалистичката наука, бидејќи ќе ги обработуваме криминалистичките особености на убиствата, со методиката на откривање, разјаснување и докажување на кривичното дело, убиство.

Убиствата сами по себе се сложена категорија и бараат познавање од повеќе аспекти, како и познавање на повеќе правни научни дисциплини, како кривично право, кривично процесно, казнено право, криминалистика, криминологија, пенологија и слично.

Самата обработка на криминалистичките карактеристики на убиствата доаѓа во допир и со други науки како: психологија, виктимологија психопатологија, криминално-политичка, и на нив блиски други науки.

1. 2 Цели на истражувањето

1.2.1. Научна цел на истражувањето

Научната цел на трудот е да се даде опис на убиствата врз база на науката, преку проучување на карактеристики кои се однесуваат на начините на нивното извршување, криминалната ситуација, трагите на кривичното дело,

личноста на сторителот и личноста на жртвата. Преку анализа на извршените убиства, ќе се обидеме да добиеме податоци за причините поради кои жртви се жените, причините поради кои се јавуваат семејните насилства и слично. Целта е со анализата на состојбата со убиствата да дадеме придонес во согледување на поширок и продлабочени претстави за состојбата со убиствата во Република Северна Македонија. Науката дава одговор за сериозноста која ја предизвикуваат убиствата во општеството и колку сериозен проблем претставуваат.

1.2.2. Општествена цел на истражувањето

Евидентна е потребата од спроведување на анализи за фемициди во Република Северна Македонија. Тоа е првиот чекор за актуелизирање на прашањето за „родово заснованите убиства“, преку иницирање на дискусија помеѓу релевантните чинители и носители на одлуки кои ќе го отворат процесот на усогласување на националното законодавство со препораките од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) и Конвенцијата на ОН за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените.

Во Република Северна Македонија фемицидот не е препознаен како посебно кривично дело во Кривичниот законик и се регистрира како и секое друго убиство. Оттука, општа цел при изборот на обработка на темата убиство на жени во Република Северна Македонија произлегува од потребата да се креира подобар систем во справување со семејното и родово базираното насилство.

Убиствата на жени што се случиле укажуваат на апсолутната и итната потреба за системска мобилизација на сите можни национални и локални ресурси и капацитети за превенција и борба против родово базираното насилство во сите негови облици. Фемицидот е најекстремната форма на насилство врз жените и девојчињата и во најголем број случаи е последица на континуирано повеќегодишно семејно или интимно-партнерско насилство, и за жал, често застапено и во порите на нашите семејни заедници и општествениот систем во целост. Големо внимание треба да се посвети на разоткривање на структурните причини кои доведуваат до насилство врз

жените и истото го овозможуваат. Треба да се избегнува припишување за насилството како последица на проблематична врска или истото да се нарекува недоразбирање, конфликт, караница или слично. Исто така, мора да се настојува да се избегнува психологизација и индивидуализација на проблемот, со тоа што насилството ќе се објаснува како директна последица на љубомора, злоупотреба на алкохол или наркотици, психопатолошки растројства или некаква насилна природа. Овие фрази ја маскираат вистинската природа на насилството и ја намалуваат одговорноста на насилникот, а што е уште полошо, придонесуваат кон тоа самата жртва да се перципира како делумно или целосно одговорна за тоа што се нашла во таква ситуација.

Медиумите преку саморегулаторните механизми и преку соработка со граѓанските организации треба да предупредат и да го спречат деградирачкото претставување на жената во медиумите, а новинарите треба да бидат соодветно обучени да ги идентификуваат и да ги препознаваат овие појави, но и да не ги пренесуваат, односно да не ја засилуваат негативната порака.

Па оттука, оправданоста повторно произлегува од можноста да се зајакнат капацитетите на правниот систем за заштита, истрага, гонење и казнување на сторителите на родово засновани убиства на жени; да се обезбедат човечки, технички и финансиски ресурси за соодветно имплементирање на законите, политиките и стратегиите за превенирање и одговор на родово заснованите убиства преку усвојување на родово одговорни буџети; да се развие систем за прибирање на податоци според пол, етничка припадност, место на живеење (рурално/урбано), мотив за убиство, околности во кои се случува кривичното дело, односот помеѓу жртвата и сторителот, поврзаноста помеѓу убиството и претходната изложеност на насилство, криминална историја на сторителот.

Основната цел со обработка на темата е да се постигне насилството врз жена и семејното насилство да не се презентира како приватен проблем, а посебно да се избегне романтизирање на насилството и барање вина во жртвата. Особено е важно да се посвети внимание на заштита на идентитетот и достоинството на жртвата и децата жртви на овие видови на насилство.

Посебен акцент да се стави на обука и едукација на новинарите за избегнување на деградација и стереотипизација на жените и поттикнувањето

на истражувачкото новнинарство, коешто и те како е важно во спроведување на целиот овој процес.

1.3 Хипотетска рамка

Генералната хипотеза на овој труд е:

„Убиствата на жени во Република Северна Македонија се одликуваат со одделни карактеристики коишто зависат од криминалната ситуација, личноста на сторителот и личноста на жртвата на кривичното дело.“

Како посебни хипотези ги издвојуваме:

1. Сторителите на убиства имаат специфични лични особености;
2. Сторители на убиства се најчесто мажи и најчесто извршуваат убиство мотивирани од расправија;
3. Жените се најчесто жртвите на убиство;
4. Жените се најчесто жртви на убиство во услови на семејно насилство и го познаваат својот убиец.

Разработката на основните тези произлезе од спроведеното кратко истражување од достапни информации и добиен податок дека кај мажите постои поголем ризик да доживеат физичко насилство или да бидат убиени од други мажи, додека насилството помеѓу жени не се случува често. И додека мажите најчесто доживуваат насилство во јавните простори, насилството врз жените најчесто се случува во приватност, односно сторители се партнери, поранешни партнери, сопрузи или други машки членови од семејството и поширокаата фамилија.

1.4 Методи и техники на истражувањето

За постигнување на целоите на ова истражување и за добивање на релевантни податоци, се користеа повеќе методи како:

Нормативниот метод, како начин за обработка на кривично-правната регулатива за кривично дело убиство на жена;

Анализа на содржина на документи кои ќе бидат собрани по пат на барање и добивање податоци од релевантни институции.

Компаративниот метод ќе се употреби заради согледување на промените на состојбата со убиствата на жени на територијата на две различни земји од европскиот континент и нивниот однос кон фемицидот;

Статистичкиот метод ќе биде користен заради подобро претставување на добиените резултати во различен временски период.

Со цел за поуспешно собирање на потребните податоци, ќе се користат и официјалните веб-страници на Министерството за внатрешни работи; официјалната веб-страница на Државниот завод за статистика; Казнено-поправните институции во РСМ; дневни весници и портали.

1.4.1 Начин на истражувањето и користени инструменти

Собирањето на податоците се одвиваше во две фази во периодот ноември – декември 2020 година. Во првата фаза целта беше да се добие вкупен број на случени убиства на жени во периодот од 01.01.1991 до 31.12. 2020 година. Беа испратени барања за информации од јавен карактер до Основните судови со проширена надлежност. Беа разгледани веб-страници на медиуми кои располагаат со стории или податоци за сторени убиства на жени со име и презиме на жртва и сторител или првично осомничен, однос помеѓу жртвата и сторителот, место и начин на случување, а за дел од случаите и мотив за убиство.

До Основните судови беа испратени барања до оние со проширена надлежност, лоцирани во Скопје, Тетово, Гостивар, Куманово, Кочани, Струмица, Струга, Битола, Штип, Велес, Охрид и Прилеп. Беа добиени одговори од Основните судови во Куманово, Штип, Гостивар, Велес, Охрид и Битола, при што Основниот граѓански суд од Скопје известија дека немаат постапувано по случаи на убиства на жени после 2007 година. Имено, по извршената реформа во судството во 2007 година, Основниот граѓански суд Скопје е надлежен исклучиво за граѓанска материја, која е регулирана со важечките позитивни правни прописи од оваа област.

Во барањата за пристап до информации од јавен карактер, беа поставени следниве прашања:

1. Дали и колку предмети се водат и/или воделе пред судот поврзани со убиства на жени во Република Северна Македонија во период од 1991 година до 2020 година?
2. Дали сторителите на убиствата се мажи?
3. Дали убиствата се случени во кругот на семејството на жртвата?

1.5 Просторна и временска рамка на истражувањето

Временскиот период на истражувањето е ноември – декември 2020 година. Проценивме дека временскиот интервал од 10 години е сосема доволен за согледување и анализа на состојбата на криминалистичките карактеристики на убиствата во Република Македонија.

Од територијален аспект, со истражувањето е опфатена територијата на Република Северна Македонија, според територијалната поставеност на судовите и јавните обвинителства каде што се решавани предмети, односно се подигнати обвинениј за случаи на убиства на жени.

1.6 Научна и општествена оправданост на истражувањето

Евидентна е потребата од спроведување на анализи за фемициди во Република Северна Македонија. Тоа е првиот чекор за актуелизирање на прашањето за „родово заснованите убиства“ преку иницирање на дискусија помеѓу релевантните чинители и носители на одлуки кои ќе го отворат процесот на усогласување на националното законодавство со препораките од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) и Конвенцијата на ОН за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените.

Во Република Северна Македонија фемицидот не е препознаен како посебно кривично дело во Кривичниот законик и се регистрира како и секое

друго убиство. Оттука, оправданоста во изборот на обработка на темата убиство на жени во Република Северна Македонија произлегува од потребата да се креира подобар систем во справување со семејното и родово базираното насилство.

И покрај фактот дека застапничките групи работат повеќе децении за да ја запрат епидемијата на родово насилство и сексуален напад, бројките сè уште се шокантни. Време е да го обновиме нашиот национален залог низ целата нација за да се стави крај на насилството врз жени и девојчиња. Овој напор, исто така, мора да се продолжи на работните места, училиштата, црквите, соблекувалните, војската и во судницата, спроведувањето на законот, забавата и медиумите.

Убиствата на жени што се случиле укажуваат на апсолутната и итната потреба за системска мобилизација на сите можни национални и локални ресурси и капацитети за превенција и борба против родово базираното насилство во сите негови облици. Фемицидот е најекстремната форма на насилство врз жените и девојчињата и во најголем број случаи е последица на континуирано повеќегодишно семејно или интимно-партнерско насилство, и за жал, често застапено и во порите на нашите семејни заедници и општествениот систем во целост.

Големо внимание треба да се посвети на разоткривање на структурните причини кои доведуваат до насилство врз жените и истото го овозможуваат. Треба да се избегнува припишување за насилството како последица на проблематична врска или истото да се нарекува недоразбирање, конфликт, караница или слично. Исто така, мора да се настојува да се избегнува психологизација и индивидуализација на проблемот, со тоа што насилството ќе се објаснува како директна последица на љубомора, злоупотреба на алкохол или наркотици, психопатолошки растројства, или некаква насилна природа. Овие фрази ја маскираат вистинската природа на насилството и ја намалуваат одговорноста на насилникот, а што е уште полошо, придонесуваат кон тоа самата жртва да се перцепира како делумно или целосно одговорна за тоа што се нашла во таква ситуација

Медиумите преку саморегулаторните механизми и преку соработка со граѓанските организации треба да предупредат и да го спречат деградирачкото претставување на жената во медиумите, а новинарите треба да бидат соодветно обучени да ги идентификуваат и да ги препознаваат овие појави, но и да не ги пренесуваат, односно да не ја засилуваат негативната порака.

Граѓанските организации кои се занимаваат со оваа област имаат податоци за извршени убиства кои сѐ повеќе носат негативна порака, односно станува збор за убиства кои се извршени во услови на семејно насилство каде родителите пред децата извршуваат убиство, а потоа се решаваат и на самоубиство. [10]

Па оттука, оправданоста повторно произлегува од можноста да се зајакнат капацитетите на правниот систем за заштита, истрага, гонење и казнување на сторителите на родово засновани убиства на жени; да се обезбедат човечки, технички и финансиски ресурси за соодветно имплементирање на законите, политиките и стратегиите за превенирање и одговор на родово заснованите убиства преку усвојување на родово одговорни буџети; да се развие систем за прибирање на податоци според пол, етничка припадност, место на живеење (рурално/урбано), мотив за убиство, околности во кои се случува кривичното дело, односот помеѓу жртвата и сторителот, поврзаноста помеѓу убиството и претходната изложеност на насилство, криминална историја на сторителот.

Основната цел со обработка на темата е да се постигне насилството врз жените и семејното насилство да не се презентира како приватен проблем, а посебно да се избегне романтизирање на насилството и барање вина во жртвата. Особено е важно да се посвети внимание на заштита на идентитетот и достоинството на жртвата и децата жртви на овие видови на насилство.

[10] Кочанска семејна трагедија. Вчерашното убиство на сопругата со нож и чекан од 54-годишниот сопруг, кое се случи во раните утрински часови во Кочани, е прв случај на фемицид во 2018 година, сметаат експертите. Според Благица Кирова од невладината организација „ЕХО“ од Штип, која работи со жртви на семејно насилство, вчерашната крвава семејна драма во која е убиена жена, а потоа се самоуби и сопругот, е класичен пример со кој се отсликува родовата димензија на семејното насилство. Фемицидот е најтешка форма на дискриминација на жените. Тоа е убиство на жена затоа што е жена. Најтешка форма на насилство врз жени и девојчиња, вели Кирова. И покрај тоа што надлежните институции немаат регистрирано насилство во тоа кочанско семејство, според Кирова ваквиот чин е резултат на долгогодишна психичка и физичка тортура која се криела од институциите. Сознанијата кои ги имаме говорат дека многу често семејното насилство и насилството врз жените останува скриено во фамилиите. Значи не се пријавува, најчесто поради предрасуди кај самите жени жртви за да се зачува имиџот на нормално, функционално семејство.Причини за да не се остават децата сами да се снаоѓаат, да се издржи во тешки околности, најчесто жените не пријавуваат. Како некој кој со години се занимава со оваа проблематика, сметам дека ова не е случај, што сега се случил инцидентно, рече Кирова. Во Македонија нема официјална статистика на фемициди, но според анализа направена од невладини организации во изминатите три години на државно ниво се регистрирани 19 случаи на фемицид. https://www.mkd.mk/makedonija/politika/vo-kochani-prv-sluchaj-na-femicid-vo-2018-godina?page=9

Посебен акцент да се стави на обука и едукација на новинарите за избегнување на деградација и стереотипизација на жените и поттикнувањето на истражувачкото новнинарство, коешто и те како е важно во спроведување на целиот овој процес.

II. КРИВИЧНО-ПРАВНИ АСПЕКТИ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО УБИСТВО

Во кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“, број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 и 97/2017) кривичните дела се групирани во посебни категории и и тоа:[11]

- Кривични дела против животот и телото;
- Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот;
- Кривични дела против изборите и гласањето;
- Кривични дела против работните односи;
- Кривични дела против честа и угледот;
- Кривични дела против половата слобода и половиот морал;
- Кривични дела против бракот, семејството и младината;
- Кривични дела против против здравјето на луѓето;
- Кривични дела против живитната средина и природата;
- Кривични дела против имотот;
- Кривични дела против културното наследство и природните реткости;
- Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството;
- Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот;
- Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај;
- Кривични дела против државата;

[11] Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“, број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 и 97/2017)

- Кривични дела против вооружените сили;
- Кривични дела против службената должност;
- Кривични дела против правосудството;
- Кривични дела против правниот сообраќај;
- Кривични дела против јавниот ред;
- Кривични дела против човечноста и меѓународното право.

Секое кривично дело сместено во одредена група на кривични дела е посебно опишано со своите обележја на кривично дело, како и предвидена, односно пропишана казна.

2.1 Кривично-правни аспекти на кривичното дело убиство

Убиството како кривично дело е сместено во групата на кривични дела против животот и телото. Покрај кривичното дело „убиство“, во оваа група се сместени кривичните дела кои во себе ги содржат белезите, односно карактеристиките на кривичното дело убиство:

- Убиство од благородни побуди;
- Убиство на миг;
- Убиство од небрежност;
- Убиство на дете при пораѓање;
- Наведување на самоубиство и помагање во самоубиство;
- Противправно прекинување на бременост;
- Телесна повреда;
- Тешка телесна повреда;
- Учество во тепачка;
- Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница;
- Излагање на опасност;
- Напуштање немоќно лице;
- Неукажување помош;

2.2 Кривично-правна определеност на убиствата според КЗ на РСМ

Основниот облик на кривично дело убиство е содржано во член 123 став 1 од Кривичниот законик, кој гласи: „Тој што друг ќе лиши од живот ќе се казни со затвор најмалку пет години“.

Ова е основниот облик на умислено лишување на животот на некој друг. Делото е извршено во моментот на настанување на смртта. Дејствието на извршување претставува секое дејствие коешто може да биде преку физичко и психичко делување, а со тоа дејството може да предизвика смрт на друг. Помеѓу дејството на извршување и настанување на последицата треба да постои причинска врска.[12] Кај основниот облик на убиства мотивот, односно умислата е ирелевантна без оглед дали таа е директна или евентуална.

При одмерување на казната, постоењето на конкретниот мотив, односно умислата на сторителот кај основниот облик на извршено убиство, може да биде значаен индикатор кој ќе придонесе за расветлување на природата и тежината на делото и за одредување на личноста на сторителот.

Помеѓу типовите на убиства, овој труд е посебно насочен кон „Друг ќе лиши од живот при вршење на семејно насилство“ *(чл. 123 ст. 2 т. 2).*[13] Ова кривично дело законодавецот го дефинира со употреба на општа формулација, како лишување од живот на друг, при вршење семејно насилство. Тоа претставува квалифициран вид на убиство. Дејството на извршување на ова дело е секое дејство на насилникот со кое се предизвикува смрт на жртвата на семејно насилство. Последицата од извршување на ова дело се состои од настапување на смрт на жртвата на семејно насилство. Делото е довршено со моментот на настапување на смртта. Помеѓу дејството на извршување и последицата – смртта, треба да постои причинска врска. Кривичното дело се врши со директна или евентуална умисла. Мотивот за извршување на делото не е составен дел на суштината на ова дело, меѓутоа тој може да претставува

[12] Камбовски, В., посебен дел, НИО Студенски збор, Скопје, 1982, стр.135

[13] Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 и 97/2017)

отежнувачка околност при одмерување на казната спрема сторителот. Доколку обвинетиот започнал со дејства за лишување на друг од живот, меѓутоа не дошло до лишување од живот на другото лице, во тој случај станува збор за обид за извршување на убиство од член 123, став 2 точка 2 в.в член 19 од КЗ. Обидот е основ за поблаго казнување, меѓутоа априори обвинетиот не мора и поблаго да биде казнет. Целта на законодавецот со оваа законска одредба е стимулирање на обвинетиот да се откаже од веќе започнатото дело.

2) Убиство на миг од чл. 125 од КЗ, за кое законодавецот предвидува казна затвор од една до пет години. Дефиницијата на ова кривично дело гласи: „Тој што друг ќе лиши од живот на миг, доведен без своја вина во состојба на силна раздразнетост, со напад или со тешко навредување или како последица на семејно насилство од страна на убиениот“. Ова дело спаѓа во групата на привилегирани убиства. Посебна околност што на ваквиот вид на убиство му дава привилегиран вид е последната субјективна состојба на раздразнетост на жртвата на семејно насилство, која е предизвикана од страна на насилникот. Се работи за ситуација на активен придонес на насилникот – поводот за убиството потекнува од него. Во основата за поблаг третман е посебната психичка состојба во која запаѓа жртвата на семејно насилство како последица на однесувањето на насилникот. Суштината на ова дело се состои во лишување од живот на друг – жртвата на семејно насилство го лишува од живот насилникот во состојба на силна раздразнетост. Жртвата на семејно насилство е доведена во таква состојба без своја вина, со напад или тешко навредување од страна на насилникот – убиениот. Блиску на ситуацијата на „убиство во миг“, е убиство извршено со пречекорување на границата на нужна одбрана. Основна разлика е во истовременоста на нападот и одбраната кај нужната одбрана, а додека кај убиството на миг, лишување од живот на насилникот од страна на жртвата на семејното насилство може да следува и по нападот. Кај убиството на миг не мора да постои пропорционалност помеѓу интензитетот на нападот и реакцијата на жртвата на семејно насилство. Кога сите објективни и субјективни елементи на пречекорување на нужната одбрана и убиството на миг се поклопуваат, делото ќе се квалификува како убиство на миг, а ќе се применат и одредбите за пречекорување на нужна одбрана. Делото се врши со умисла.

Психичкото насилство врз жената во себе ги вклучува следните структурни елементи: контрола врз жената – контрола на нејзино движење; контрола врз нејзините лични контакти и севкупна контрола врз семејниот буџет; изолација – забрана на контакти со фамилијата – забрана да работи надвор од дома; љубомора или посесивност; однесувања што предизвикуваат емоционални или психички маки и страдања на жената, вербално агресивно однесување, нарекување со погрдни имиња, однесувања што се понижувачки за жената, целосна послушност од жената – зборот на мажот секогаш да е последен. Психичкото насилство е санкционирано со кривичните дела:

Присилба од чл. 139 ст. 2 од КЗ, за што законодавецот предвидува казна затвор од 6 месеци до 3 години. Ова дело го врши тој што со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто. Суштината на ова дело јасно зборува дека во конкретниот случај насилникот со сериозна закана влијае врз формирањето на волјата на жртвата на семејно насилство или врз нејзината реализација, па жртвата на семејно насилство како резултат на ваквата сериозна закана се одлучува да направи нешто или прави нешто надвор од својата волја и доколку од страна на насилникот немало сериозна закана врз жртвата на семејно насилство, таа таквите одлуки и нивната реализација немала да ги донесе. Како резултат на сериозната закана, жртвата на семејно насилство од страна на насилникот може да биде принудена и да трпи нешто.

Противправно лишување од слобода од чл. 140 ст. 2 од КЗ, за кое законодавецот предвидува казна затвор од 6 месеци до 3 години. Ова кривично дело го врши тој што друг противправно ќе го затвори, ќе го држи затворен или на друг начин ќе му ја одземе или ограничи слободата на движење. Насилникот го врши ова дело врз жртвата на семејно насилство со нејзино затворање против нејзината волја или со држење на жртвата на семејно насилство затворена или со одземање или ограничување на слободата на движење, односно доколку жртвата на семејно насилство користи помагала за свое движење најчесто насилникот ѝ ги одзема таквите помагала, па таа не е во состојба да се движи или пак насилникот на жртвата ѝ ја ограничува слободата на движење на начин што најчесто не ѝ дава на жртвата на семејното насилство да ги посетува своите најблиски, најчесто родители, браќата и сестрите, или пак, блиските пријатели и пријателки од работната средина. Со

други зборови, насилникот ѝ диктира на жртвата со кого да се дружи, а со кого не.

Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 од КЗ, за кое законодавецот предвидува казна затвор од 3 месеци до 3 години. Ова дело го врши тој што ќе ја загрози сигурноста на жртвата на семејно насилство со сериозна закана дека ќе нападне врз животот и телото на жртвата на семејното насилство или врз животот и телото на нејзино блиско лице. Важно за кривичната одговорност на насилникот е со преземените дејства насилникот со својата сериозна закана кај жртвата на семејно насилство да предизвика чувство на несигурност и страв по нејзиниот телесен интегритет или по телесниот интегритет на нејзините блиски лица. Конститутивни елементи според КЗ на физичко насилство се: удар, влечење за коса, шлаканица, боксирање, тепање, давење, удар со предмети, горење, попарување, односно секој непосреден однос на физички контакт меѓу сторителот и жртвата при што ѝ се нарушува физичкиот интегритет на жената; фрлање предмети по жената и закани за физички повреди.

2.3 Класификација на убиствата

Убиствата се распознаваат меѓусебно по повеќе белези или карактеристики во однос на начинот на извршување, својствата на жртвата, субјективни во нашиот кривичен закон предвидени околности кои ја даваат супсидијарната природа на основното кривичното дело убиство по однос на квалифицираните и привилегираните облици на лишување од живот.

Квалифицираните се нарекуваат уште и тешки убиства со умислено лишување од живот на друг, извршени под особено отежнувачки околности определени со законот што го креваат степенот на неправото и степенот на вината на сторителот и поради кои законот за убиството пропишува потешка казна како доживотен затвор. Квалификуваното убиство се разликува од обичното по определени квалификаторни околности од субјективна и објективна природа.

Привилигираните убиства Кривичниот законик ги издвојува од другите убиства и за нив предвидел поблаги казни од обичните убиства, а тоа се:

Убиство од благородни побуди;

Убиство на миг;

Убиство на дете при породување;

III. КРИМИНАЛИСТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УБИСТВА НА ЖЕНИ ВО РСМ

Криминалитетот претставува општествена појава која го опфака вкупниот збир на кривични дела на одреден простор во одредено време.[14] Поимот произлегува од латинскиот збор „krimen“, што значи злосторство. Под поимот криминалитет се подразбираат сите активности што ги загрозуваат и повредуваат богатствата, односите, вредностите и интересите на личноста и на општеството, додека пак кривично-правните прописи на една земја се сметаат за кривични дела за одреден временски период. Кривичното дело, претставува човечко однесување што е забрането со закон и за кое следува кривична санкција.[15] Тоа ги загрозува основните вредности во едно општество и тоа својство се вика општествена опасност. Криминалитетот како општествена појава, која во крајна консеквенца е условена од нивото и развитокот на општествено-економските односи и услови на едно општество, претставува конкретен израз на отуѓеноста на човековата личност во различни облици и во различни сфери на општествено-економската база и надградба. Како класно условена општествена појава и израз на спротивностите што се јавуваат во развитокот на општеството, целосно е потврден општествениот интерес за криминалитетот.

Предмет на истражување се криминалистичките карактеристики на кривичното дело убиство на жени како едно од најсериозните насилни кривични дела со кои се напаѓа животот на човекот.

Кривичниот закон на Република Македонија (КЗ) беше донесен на 23.7.1996 година (објавен во Службен весник бр. 37/06), а започна да се применува од 1 ноември 1996 година. Од неговото донесување тој посуштествено беше ревидиран три пати (2004, 2009 и 2014 година), а речиси

[14] Стеван Алексоски, Криминална психологија: (Психосоцијалните фактори на престапништвото на младите), Штип; Прилеп: Педагошки факултет „Гоце Делчев" : П.П.Елвор, 1997 (Кочани : Младост), стр. 273-274

[15] Dinitz, S, The Antisocial Personality, Forensic psychiatry and psychology, F.A Davis, Company, Philadelphia;

секоја година во него се вршат помали или поголеми измени. Семејното насилство беше дефинирано и предвидено во законските битија на повеќе кривични дела за првпат во 2004 година. Под семејно насилство, според КЗ, се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родители или деца или други лица што живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица коишто имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи. Кривичниот законик ги регулира сите три видови на семејно насилство, односно физичкото, психичкото и сексуалното. - 4 - Извршители и жртви на семејно насилство, според КЗ, можат да бидат: брачен другар, родители или деца и други лица што живеат во брачна и вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, поранешен брачен другар, лица што не биле во брак или не живееле во вонбрачна заедница, а имаат заедничко дете и лица што се наоѓаат во блиски лични односи (момче и девојка и сл.).

III Криминалистички карактеристики на убиствата на жени

Кога зборуваме за криминалистички карактеристики на конкретно кривично дело, се мисли на:

- Начин на негово извршување (*modus operandi);*
- Криминална ситуација *(statue Crime);*
- Траги на кривичното дело;
- Личноста на сторителот (*hominess Crime);*
- Личноста на жртвата (*de victim Crème personality*);

Преку проучувањето на конкретните криминалистички карактеристики на кривичното дело, се добиваат информации за конкретната ситуација во која е извршено делото, што претставува систем од елементи кои го опкружиле сторителот во моментот на извршувањето на кривичното дело.

Начинот на извршување е поврзан со средствата или средството, што сторителот го одбрал како најпогодно за реализација на конкретната цел. Трагите претставуваат секоја видлива и со голо око невидлива материјална

промена настаната во моментот на подготвување, извршување или прикривање на кривичното дело, на самиот сторител, на жртвата или на самото место на криминалниот настан.

Поврзаноста на личноста на сторителот и на жртвата е клучна за секое кривично дело, а особено кај убиствата.

3.1 Начин на извршување

Сите видови на кривични дела се манифестираат со конкретни начини на извршување, кои во конкретен облик на криминална активност означуваат систем на постапки и дејствија на деликвентите, кои според нивната криминална замисла се најпогодни за реализација на нивната цел, како и такви дејствија со кои преку прикривање на вистинските и создавање на вештачки траги сторителот има за цел да се заштити, со наведување на истрагата во погрешна насока и трајно да ги ужива плодовите од стореното дело. Начинот на извршување наложува на истражните органи строго специјализирано и криминалистичко-методично постапување.[16]

Од начинот на извршување на конкретно кривично дело се добиваат голем дел на оперативни и доказни информации, кои ги користи криминалистичката полиција за одредување на насоката на процесот на откривање, разјаснување и докажување на кривичното дело и идентификувањето на можниот сторител.

Начинот на извршување и користените средства при извршување на кривичното дело се своевидна „лична карта“ на сторителот, односно на неговите битни психофизички особености: интелигенција, ставови, вредности, мотиви и слично. Одговорот на начинот на извршување на кривичното дело е преку криминалистичкото златно прашање „*Како?“* - начинот на извршување на кривичното дело треба да го осветли самиот тек на кривичното дело, опфаќајќи ги сите елементи на дејството на извршување.

Под средство за извршување се сметаат сите предмети, орудија и оружја со кои можат да се нанесат смртоносни повреди. Убиството може да биде предизвикано и со психолошки притисок и предизвикување на психичка

[16] Ангелески М., Криминалистика, Студенски збор, 1993, стр. 121

болка, со предизвикување стравови, психички трауми, емоционални болки и сл. Средствата со кои е извршено кривичното дело можат да бидат значајна трага во откривање на сторителот, неговите соучесници доколку ги имало или трети лица кои имале некаква врска со настанот.[17]

3.2. Криминална ситуација

Криминална ситуација всушност претставуваа ситуацијата, односно околноста во која е сторено кривичното дело. Криминалната ситуација од дело во дело може да биде различна во однос на меѓусебна поврзаност на жртвата и сторителот или отсуство на нивна врска, па според тоа и се разликуваат кривичните дела меѓу себе.

3.2.1 Убиства на жени како последица на семејно насилство и интимно партнерско насилство

Под семејно насилство, според КЗ, се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родители или деца или други лица што живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица што имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи. Кривичниот законик ги регулира сите три видови на семејно насилство, односно физичкото, психичкото и сексуалното.[18]

Извршители и жртви на семејно насилство, според КЗ, можат да бидат: брачен другар, родители или деца и други лица што живеат во брачна и вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, поранешен брачен другар, лица коишто не биле во брак или не живееле во вонбрачна заедница, а имаат

[17] „Убиецот и лицето В.К биле во љубовна врска! ...Жената, како што признал убиецот, го негирала тоа и го турнала од себе, по што тој во револт го извадил ножот и ја прободел 25 пати...“
„Според првичните информации, убиството се случило со модифициран сигнален пиштол, при што како пригушувач било употребено пластично шише, а најверојатно се работи за семејни недоразбирања
[18] Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 и 97/2017)

заедничко дете и лица што се наоѓаат во блиски лични односи (момче и девојка и сл.).[19]

Според бројни спроведени истражувања, докажано е дека жртвите на семејно насилство недоволно го препознаваат и пријавуваат психичкото и сексуалното насилство, а исто така и повиканите институции, како што е полицијата и јавното обвинителство кои имаат единствена задача да ги откриваат сторените кривични дела и да ги гонат нивните сторители, не се доволно едуцирани и сензибилизирани во однос на овие видови на насилство.

3.20.2 Убиства на жени и девојки во име на „честа“

Убиствата во име на „честа“ се најекстремната форма на злосторства во име на „чест“, кои имаат за цел да го контролираат однесувањето на жените. Жртвите скоро секогаш се од женски пол во доцни тинејџерски години или рана адолесценција. Семејството најчесто одлучува дали жената/девојката треба да биде убиена, и ако да, како да биде убиена. Убиствата се вршат од страна на членови на семејството, или пак од страна на платен убиец. Убиства во име на „честа“ се последна опција, на која ѝ претходат други форми на насилство поради „чест“, и тоа присилни бракови, закани и вознемирување.

„Злосторството“ што го направила жртвата најчесто се поврзува со изборот на сексуален или брачен партнер, образование и вработување, начин на облекување, однесување и контакти со спротивниот пол, сексуалност или генерално неуспех да се задоволат воспоставените семејни и општествени стандарди за „женско однесување“. Жените жртви на силување најчесто се убиваат заради „враќање на честа на семејството“. Имено, тоа што се случило влијае на честа на семејството и преку убиството, семејството може да си ја поврати честа во заедницата. Доколку семејството не ја убие, може да биде вознемирувано и отфрлено од страна на заедницата, како и да трпи притисок за да го изврши убиството.

[19] Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 и 97/2017)

Убиството најчесто се извршува на јавни места со цел да се влијае на однесувањето на другите жени во заедницата. Овие убиства се најзастапени во Средниот Исток и Јужна Азија иако се појавува во повеќето земји од светот.[20]

3.2.3 Убиства на жени поради мираз

Убиствата на жени поради имот се однесуваат на посебна форма на фемициди, кои најчесто се случуваат во домот. Имено, во моментот кога родителите нема да имаат повеќе финансиски средства да ѝ дадат на ќерката, односно таа нема повеќе да биде извор на приход во семејството на сопругот, тој може да одлучи дека таа веќе не е соодветна жена. Традицијата на давање подароци на семејството на младоженецот со текот на времето се менува и преминува во притисок и тортура врз членовите на семејството на невестата да мора да обезбедат пари, накит, возила и слично, доколку сакаат нивната ќерка/сестра да не биде убиена или принудена да изврши самоубиство. Студиите покажуваат дека овој вид на фемицид е застапен во Африка и Југоисточна Азија, додека како пракса се сретнува и во Индија и Пакистан.[21]

3.2 4 Убиства на жени поврзани со организиран криминал

Во последните декади има нова тенденција во картелите кои тргуваат со дрога. Истовремено се зголемува количината на дрога која се тргува со убиства на жени. Фемицидите поврзани со тргување на дрога имаат симболично значење и се поврзани со „мачо“ културата. Имено, преку убиството на жената на непријателот всушност го повредуваат него и ја зголемуват сопствената моќ преку одземање/повредување на неговата „сопственост“. Дилерите на дрога може да го искористат убиството на жена за да испратат порака до властите, на пример, да ги предупредат за политиките поврзани со тргување на дрога.

[20] https://issuu.com/wilfridlaurieruniversity/docs/acuns-nov13/3

[21] Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, Анализа на случаи на фемициди- убиства на жени во РМ, 2018, Скопје;

Оттука произлегува заклучокот дека во светот на дрогата, жените се третираат како објекти, средства за исполнување на некоја цел и сопственишство на непријателот против кого се бара одмазда. Со самото тоа што жените се користат за пренос на дрога, без да се земе предвид нивното здравје или можноста да бидат фатени и да одговараат пред законот, ја покажува потрошната вредност на жената во овие кругови. Најзастапени се во Латинска Америка.[22]

3.2.5 Намерни убиства на жени во војна

Обединетите нации ги дефинираат овие убиства како „намерна, со предумисла, прекумерна употреба на смртоносна сила од страна на државата или нејзините извршители кои дејствуваат во името на законот или од страна на организирана вооружена група во конфликт, а против индивидуи кои не се во нивно заложништво“.[23] Оваа пракса може да се појави и во услови на мир. Она што овие убиства ги издвојува од другите типови на убиства е тоа што смртоносна сила се употребува на однапред таргетирана група. Во вооружени конфликти, жените и девојчињата се често цел и се убивани како дел од воена стратегија и тоа не само за да го ослабнат семејството на жртвата, туку и да влијаат на заедницата во целост. Односно, жените се силуваат и убиваат за да се покаже доминација и моќ и да се казни непријателот. Оваа форма на насилство се користи како оружје во војна. Најпознати примери за овој вид на убиства се војната во Босна и Херцеговина и геноцидот во Руанда.

3.2.6 Женски инфантицид и родово заснован полово селективен фетицид

Овие форми на насилство и убиство се практикуваат во земји каде вредноста на машкото дете е поголема од вредноста на женското. Имено, насилно прекинување на бременост се врши во случаи кога ќе се дознае полот на детето уште во бременост (селективен фетицид), а доколку веќе се роди женското дете, тогаш е занемарувано, оставено да гладува додека не умре

[22] Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, Анализа на случаи на фемициди- убиства на жени во РМ, 2018, Скопје;
[23] A/HRC/14/24/Add.6, Report of the Special Rapporteur on extrajudicial, summary or arbitrary executions, Philip Alston, Fourteenth Session, 28 May 2010

(женски инфантицид). Причините се поврзани со поголемите трошоци што семејството ги има кон женското дете, како и помалиот потенцијал да заработува во иднина.

Женскиот инфантицид е најзастапен во Индија и Кина, додека селективниот фетицид се јавува и во многу други земји (како Црна Гора, Албанија, Азербејџан, Грузија, Ерменија и др.). Родовата несразмерност на родените машки и женски деца укажува на постоење на оваа појава.[24]

3.2.7 Убиства на жени како последица од генитално осакатување и убиства на жени обвинети за вештерство/волшебништво

Женско генитално осакатување е штетна традиционална практика со која се отстрануваат женските гениталии без никаква медицинска причина и најчесто во нехигиенски услови. Најчесто се врши на девојчиња на возраст од 5 години, и поради самите услови во кои се врши, многу често како последица се јавуваат инфекции кои доведуваат до смрт. Недостапноста на здравствени установи до местото на живеење влијае на зголемениот процент на смртност. Како практика е застапена во Африка, Азија и Средниот Исток, иако веќе постои тенденција законски да се регулира и да се казнува. Во Европа се јавува во Франција, Белгија, Норвешка и други земји во кои има имигранти од афричките земји. Европската Унија веќе има усвоено политики и директиви за заштита на девојчињата и жените од генитално осакатување.[25]

Убиствата на жени кои се обвинети за вештерство/волшебништво се поврзани со неосновани обвинениј на лица од заедницата кои се во конфликт со жената или нејзиното семејство, или пак, имаат нерешени имотно-правни спорови. Иако се смета дека младите девојки се поизложени на оваа форма на фемициди, сепак во некои делови од светот постарите жени се изложени на поголем ризик, најчесто поради економската зависност од другите, или пак, посед на имот кој треба да го наследат помладите членови на семејството. Генерално, доколку жената се доживее како закана за мажот или од неа може да се добие некаква финансиска корист, се обележува како вештерка, со што

[24] Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, Анализа на случаи на фемициди- убиства на жени во РМ, 2018, Скопје;
[25] https://www.endfgm.eu/female-genital-mutilation/

нејзиното уништување изгледа оправдано пред заедницата. Најзастапени се во Индија и во афричките земји.

3.2.8 Мизогино убивање на жени

Мизогинијата се дефинира како (патолошка) омраза или предрасуда кон жените и девојките. Како појава станува опасна по животот на жените кога ставовите преминуваат во насилни однесувања. Бруталните убиства на жени и девојчиња, често придружени со силување и сексуална тортура, имаат силни примеси на мизогинија. Загрижувачки е фактот што овие убиства се случуваат како во земјите во развој, така и во веќе развиените земји.

Сериските убивања на жени исто така влегуваат во оваа форма на фемициди. Тие претставуваат мизогинија во најголем екстрем.[26]

3.3 Трагите од кривичното дело

Трагата е материјална појава, настаната како резултат на заемно делување на сторителот и жртвата во врска со конкретен кривичен настан. Тие во себе ги содржат елементите на кривичниот настан и преку нивното пронаоѓање и „дешифрирање“ може да се „реставрира“ ситуацијата во која се случило кривичното дело и да се дојде до заклучок за неговиот причинител и како истото се случило.

За да можат трагите да бидат подобни, односно да бидат показател за делото кое се случило, тие мора:

- да се настанати во врска со извршувањето на делото;
- да бидат видливи со голо око или невидливи, но мора да претставуваат материјални промени;
- да бидат подобни за криминалистичка идентификација.

[26] Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, Анализа на случаи на фемициди- убиства на жени во РМ, 2018, Скопје;

3.3.1 Биолошки траги

3.3.1.1 Траги од крв

Кај убиствата најчести траги кои можат да се пронајдат на самото место се траги од крв. Пронајдените крвни траги можат да потекнуваат од жртвата и од сторителот**.**

Крвните траги кои се пронаоѓаат на местото на настанот се материјал за обработка на судскиот медицинар и увидната екипа. Со анализата на крвните траги се донесуваат важни заклучоци. Бојата на пронајдената крв укажува од кого истата потекнува. Преку бојата се утврдува и видот на повредата, ако бојата е светлоцрвена, потекнува од артериско крварење, ако е темноцрвена, потекнува од венско крварење, ако е пенливо црвена, потекнува од повреда на белите дробови и слично.

3.3.1.2 Траги од сперма

Во некои случаи на извршено убиство, можно е да му претходел и акт на силување. Во тој случај покрај останатите траги кои можат да се пронајдат, не е невообичаено да се пронајдат и траги од сперма. Трага од сперма, на лешот, може да се пронајде и после 10-14 дена од настанувањето. Преку пронајдените траги од сперма може да се открие староста на нивно настанување и да се констатира крвната група на лицето од кого таа потекнува.[27]

Пронаоѓање на траги од сперма се врши со употреба на ултравиолетова ламба, од причина што спермата предизвикува ефект на флуоресценција.

Пакувањето на ваквите траги се врши со нивно обележување и подигање за понатамошна лабораториска анализа. Со нејзина анализа може да се изврши идентификација на личноста од која потекнува.

[27] Симоновиќ Б., Криминалистика , Крагујевац,2004, стр.353-355

3.3.1.3 Траги од плунка

Траги од плунка се пронаоѓаат на местото на настанот кај т.н. контактни кривични дела, каде има контакт помеѓу жртвата и сторителот. Ваквите траги можат да се пронајдат на жртвата или на поединечни предмети кои сторителот ги користел на местото на настанот, како на чаша и слично, или може да се пронајдат на отпушок од цигара, на гума за џвакање, на маска во случај сторителот да бил маскиран, на места каде има одгриз на кожа и слично.

3.3.1.4 Траги од влакна и коса

Трагите од влакна и коса се наоѓаат при извршени убиства, особено ако имало физички контакт меѓу жртвата и сторителот. Трагите од влакна можат да дадат информации за идентификација на сторителот. Трагите од овој вид можат да се пронајдат на лице местото на жртвата или сторителот да ги понел со себе.

За да имаат доказна вредност, како и останатите траги, потребно е пред да се подигнуваат, да се фотографираат и да се скицираат на местото каде што се пронајдени. Подигнување на влакната од местото се врши со прозирна леплива трака.

Преку анализа на трагите од влакна и коса може да се констатира состојбата каква била пред нивното пронаоѓање: дали се работи за природно отпаѓање или е настанато како резултат на насилно оттргнување.

3.3.1.5 Траги од нокти

Постојат три вида траги кои можат да се доведат во врска со трагата од ноктите. Првите се траги од гребење кои можат да се пронајдат на сторителот или жртвата, како резултат на близок физички контакт. Ваквиот вид на трага може да има ориентационо-елиминирачка вредност во доказната постапка.

Други траги можат да се пронајдат под ноктите во сите случаи кога има насилна смрт, без оглед дали има сомнение дека се работи за убиство или

самоубиство, задолжително е потребно да се направи анализа на трагите под ноктите.

Трага од скршен нокот може директно да доведе до идентитетот на сторителот во случај времето за негово идентификување, кога е пократко и тој не стигнал да ги исече ноктите[28]

3.3.1.6 Траги од папиларни линии

На прстите на рацете, дланките и стапалата се наоѓаат уникатни релјефни шари на секој човек, кои имаат ситни микроскопски отвори кои на допир со предмети оставаат уникатни идентификациони траги. Трагите од папиларни линии се своевидна *визит-карта* на создавачот на трагата. Трагите од папиларните линии можат да се пронајдат на лице место и тие можат да бидат видливи и латентни.

Видливите папиларни траги можат да бидат површински (во случај кога е допрена крв, па оставена е трага од прст) и релјефни, кои настануваат како резултат на допир на мека површина (трага од стапало во кал).

Латентните траги се невидливи со око, но постојат на тврди и глатки површини. Пронаоѓањето на латентните траги се врши со посебни методи и техники на нивно откривање, а нивното пронаоѓање е од важност за да може да се направи мисловната реконструкција на одвивањето на настанот.

Нова современа метода која се применува за откривање на латентни траги од папиларни линии е со примена на ласерски зрак на светлина, при што се предизвикува луминисценција на трагата во комбинација со фотографирање.[29]

3.4. Личноста на сторителот

Кривичното законодавство на Република Северна Македонија, како и воопшто на која и да било територија, не е статична материја. Напротив, како што криминалците и криминалните групи ги следат општествените промени,

[28] Симоновиќ Б., Криминалистика, Крагујевац, 2004, стр.259-261
[29] Симоновиќ Б., Криминалистика, Крагујевац, 2004, стр.390-395

така и кривичното законодавство постојано е во чекор со нив, притоа отворајќи нови можности за санкционирање на условно кажано „модерните“ кривични дела, како во случајот убиство на жена или „femicid“.

Проучувањето на личноста на сторителот за кривично дело убиство на жена/девојка започнува од првиот момент на собирање на најслаби основи на сомнение, што се прави во почетната фаза на откривачкиот процес. Целокупниот откривачки процес е насочен кон потрага и е насочен против лицето за кое постојат индиции дека е можен сторител на кривичното дело, за што се поставуваат и соодветно оперативни верзии за начинот на кој се одвивало кривичното дело. Како извршител на ова кривично дело може да биде брачен другар/партнер, лица што живеат во брачна задница. Исто така, како извршител на ова кривично дело можат да бидат и лица што живеат во вонбрачна заедница.

Во Кривичниот законик е предвидено и тоа дека како извршител на кривичното дело може да се јави и лице кое со друго лице се наоѓаат во блиски лични односи. Под поимот блиски лични односи, во смисла на Законот, се подразбираат личните односи помеѓу лица од различен пол кои се или биле во партнерски односи, а не живеат во вонбрачна заедница.

3.4.1 Темпераментот на сторителите на убиство

Во литературата се смета дека особеностите на темпераментот на личноста на сторителот се изразува според начинот на реагирање, интензитетот, брзината, зачестеноста и траењето на емоционалното реагирање.[30]

Особеностите на темпераментот укажува на реакцијата на надворешните дразби, односно на обликот, силата и брзината на реагирање.

Најпозната класификација на темпераментите е на Хипократ кој ги поделил во четири категории:[31]

- *Меланхолик* - кој е спор и бавен, но со силни реакции;
- *Флегматик* - кој е со слични реакции како и меланхоликот, но неговата особеност е многу слаба реакција, или воопшто ја нема;

[30] Сулејманов З., Убиствата во Македонија, Студенски збор, Скопје 1995, стр.213

[31] Сулејманов З., Убиствата во Македонија, Студенски збор, Скопје 1995, стр.213-216

- *Сангвиник* - има брзи и бурни реакции, но тие се со кратко траење (*реакција на краток фитил);*
- *Колерик* - кој е со силни чувства и цврста решителност за реакција, со чести и бурни реакции.

За потребите на овој труд, а во однос на темпераментот на сторителите, ќе го искористиме заклучокот до кој дошол Сулејманов,[32] дека сторители на убиство се невоздржани и силно импулсивни личности, со ниска емоционална зрелост, што продуцирала со брза решителност за акција, дека се личности без емоционалната чувствителност и самоконтрола над разумот, што одговара на сангвиникот и колеричкиот темперамент.

Жените-сторители на убиства, според темпераментот, се во групата на меланхолик. Тие извршуваат убиство во рамките на долготрајно трпење на семејно насилство и во еден момент, под дејство на афект, се одлучуваат да извршат убиство.

IV. МЕТОДИКА НА КРИМИНАЛИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА УБИСТВА НА ЖЕНИ

4. Методика на откривање, расветлување и докажување на кривичното дело убиство на жени

Убиството - лишувањето од живот е опасна и сложена појава. Последицата од вршењето крвен деликт во себе опфаќа уништување нечиј живот, но истовремено означува и предизвикување тешки трауми за други лица. Под поимот крвни деликти се подразбираат кривичните дела насочени кон физичкиот интегритет на човекот, или поконкретно, тоа се деликтите кои се извршуваат со примена на сила или насилство, преку кои се загрозуваат виталните вредности на животот и телесниот интегритет на човекот.[33]

Крвни деликти се сите облици на напад над животот на едно лице и нарушување на неговиот телесен интегритет. Во оваа група спаѓаат: убиства,

[32] Сулејманов З., Убиствата во Македонија, Студенски збор, Скопје 1995, стр.215
[33] Николоска,С. Методика на истражување на општ криминалитет, Скопје, 2015, стр.250

телесни повреди, недозволено прекинување на бременост, наведување и помагање при самоубиство, учествување во тепачка во која некое лице е лишено од живот или му е нанесена тешка телесна повреда, насилно одземање на човечки органи или на делови од телото, напуштање на немоќно лице, недавање помош, како и имотните деликти кај кои се применува насилство, како кај разбојништвата и разбојничките кражби. Сите тие се деликти каде се одзема човечки живот, се повредува или загрозува животот, телото и здравјето. Во зависност од мотивот на сторителот, неговата намера и волја во однос на нападнатиот објект, кој е предмет на заштита, кај крвните деликти разликуваме: дела против животот и телото и имотни деликти. Кај делата против животот и телото намерата на сторителот и објектот на заштита е јасна, но кај имотните деликти објект на заштита е имотот, но при противправното одземање на имотот во одредени ситуации при извршувањето на одземањето на имотот има насилство, кое е насочено кон совладување на препрека и жива сила, иако целта е материјалната корист.[34]

Крвните деликти можат да се групираат:

- Кривични дела против животот;
- Кривични дела против телото;
- Кривични дела на загрозување на животот и телото;
- Незаконско прекинување бременост; и
- Недавање помош и напуштање на немоќно лице.[35]

Полицијата како надлежен орган за откривање, расветлување, обезбедување на докази и гонење на сторители на кривични дела, во постапката на откривање, разјаснување и докажување на кривичното дело - убиство мора да биде во согласност со Европската конвенција за човекови права од 1998 година и принципите што ја поткрепуваат. Со имплементирањето на СОП, се воспоставуваат стандардите што треба да се постигнат во спроведувањето на криминалистичкото истражување и постапувањето на полициските службеници по пријава на кривични дела, убиства и други кривични дела од областа на крвни и сексуални деликти,

[34] Константиновиќ –Вилиќ, С. И Николиќ-Ристановиќ, В. Криминологија, Ниш, 2003, стр.119
[35] Николоска,С. Методика на истражување на општ криминалитет, Скопје, 2015, стр.252

како и сите случаи на неочекувана и неразјаснета смрт под сомнителни околности. Во ситуациите на криминалистичкото постапување, припадниците на МВР постапуваат под раководство на јавното обвинителство при преземањето на законските мерки и дејствија, за расветлување на кривичното дело и обезбедувањето на корисни информации и докази за начинот на извршување на кривичното дело, средствата со кои е извршено и најважното да го откријат мотивот на сторителот. Припадницина МВР се ангажирани во процесот на расветлување на убиствата, тие се вклучени во процесот да прибираат информации, затоа што судот има право и слобода на оценка на доказите, така што има случаи во кои сторителот направил свирепо убиство, а судот пресудил поблага казна, ценејќи дека се работи за „непресметлив“ сторител. Прибраните информации и докази од страна на припадници на МВР се од непроценлива важност во сите фази на кривичната постапка, во одредувањето на видот на кривичното дело и во одредувањето на висината на казната на сторителот за стореното.[36]

4.1 Основи на криминалистичко истражување на убиствата на жени

Криминалистичката обработка е збир на методолошки планирани и преземени мерки и дејствија кои ги презема полицијата по причина (за сторено убиство на жена или за пронаоѓање на сторителот на тоа кривично дело), со цел основите на сомневање до кои се дошло, да се подигнат на степен на веројатност, со што ќе се овозможи донесување на одредени кривично-правни одлуки (основано сомнение).[37]

Појдовна точка за поведување кривична постапка при убиство на жена е веројатноста дека е сторено кривично дело. Постапката на кривично поведување треба се одвива во сите фази, дури и кога на самиот почеток има силни докази дека одредено лице е можен сторител, од причина што исклучиво доказите го товарат обвинетиот. Нашиот Устав[38] и Закон за кривична постапка[39] наложуваат: „предвидува невиност сè додека не биде докажана вина со правосилна судска пресуда“. Од оваа причина доказите, колку и да се

[36] Николоска,С. Методика на истражување на општ криминалитет, Скопје, 2015, стр.278
[37] Корајлиќ,Н. Криминалистичка методика (крвни, сексуални, имотни), Сарајево/Приштина 2007, стр.8
[38] Уставот (чл.3 ст.1) и https://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx
[39] ЗКП (чл.2 ст.1)http://jorm.gov.mk/2016/03/Zakon_za_Krivicna_postapka_150_18112010-2.pdf

силни и очигледни на почетокот на истрагата, треба да се земаат предвид како веројатност за некое лице да се смета дека може да биде кривично одговорно.

Кривичната постапка секогаш започнува со поведување на претходната постапка. Претходната (предистражна) постапка се презема со цел на јавниот обвинител да му се обезбеди материјал, за да оцени дали основите на сомневање како првични сознанија за убиство на жена преминуваат во основано сомневање како повисок степен на сомневање, засновано врз прибраните докази кои упатуваат на заклучокот дека определено лице го сторило тоа кривично дело, за да може да поднесе барање до судот за спроведување на истрага.[40]

Предистражната постапка се нарекува уште и полициски извид. Задача на оваа постапка, која може да биде спроведена без никакво формално решение, е да даде одговор на прашањето за:[41]

- постоење на кривично дело;
- да го посочи и пронајде сторителот;
- да ги открие трагите и предметите на кривичното дело, кои во подоцнежната постапка можат да бидат докази за кривичното дело и сторителот;
- со предистрагата се обезбедуваат сите известувања за понатамошната постапка.

4.2 Индиции

Идниците или основите на сомневањето се факти кои укажуваат на постоењето на кривичното дело и на поблиска или подалечна врска помеѓу тоа дело и некое лице. Врз основа на тие факти, може со помала или поголема сигурност да се заклучи постоењето или непостоењето на кривично дело, дали одредено лице е извршител или соучесник или постојат други важни факти за кривичниот предмет.[42]

Македонскиот законодавец не се занимава со поделба на доказите, бидејќи ја усвоил слободната оценка на доказите кои укажуваат на постоење на

[40] Матовски Н., Бужаровска Л.Г. Калајџиев Г. Казнено процесно право, Скопје 2011 г., стр.271
[41] Матовски Н., Бужаровска Л.Г. Калајџиев Г. Казнено процесно право, Скопје 2011 г., стр.271
[42] Водинелиќ,В. Криминалистика, Скопје, 1982, стр.125

кривично дело и на поблиска или подалечна врска помеѓу тоа дело и некое лице. Праксата покажува дека индициите се од огромна важност на процесот на докажување. Во доказната постапка, индициите претставуваат индиректни докази со кои прво се утврдуваат некои споредни факти, односно факти кои не се предмет на докажување, но поради тесната и логичка врска со релевантните факти, посредно односно по пат на анализа и логичко заклучување, помагаат во утврдување на вистината и на релевантните факти.[43]

Теоријата дава класификација на индициите:[44]

- Непосредни индиции преку кои непосредно се поврзува кривичното дело убиство на жена со конкретниот сторител (во случај кога постои сведок кој го видел сторителот како го напушта местото на настанот, но не бил сведок на кривичното дело, или ако кај осомниченият се пронајдени предмети и траги кои можат да се поврзат со кривичното дело и сл.);
- Посредни индиции се основи на сомнение врз основа на кои се заклучува за постоење на некој друг факт, а преку него посредно се заклучува за постоење на одлучувачкиот факт (ако се пронајдени траги кои посочуваат на можниот сторител);
- Обвинителни индиции се индициите кои одат во прилог на обвинението;
- Оправдувачки индиции се индициите кои му даваат алиби на потенцијалниот осомничен (ако осомниченият во моментот кој е посочен за време на извршеното убиство се наоѓал на друго место, за кое постојат сведоци дека бил присутен и не можел да се смета за сторител на кривично дело убиство на жена).

4.3 Постапување на јавниот обвинител во случај на убиства

Јавниот обвинител е субјект и странка во кривичната постапка, која од името на државата дава иницијатива за започнување на кривично гонење за кривично дело убиство на жена, каде што се гони по службена должност. Јавниот обвинител е единствен и самостоен државен орган кој ги гони

[43] Матовски Н., Бужаровска Л.Г. Калајџиев Г. Казнено процесно право, Скопје 2011 г., стр.181
[44] Матовски Н., Бужаровска Л.Г. Калајџиев Г. Казнено процесно право, Скопје 2011 г., стр.182

сторителите на кривични дела и на други со закон казниви дела и врши и други работи утврдени со закон.[45]

Должност на Јавното обвинителство е да обезбеди функцијата да ја извршува со обезбедување на еднаквост на граѓаните пред законот, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба.

Правата и должноститена јавниот обвинител се однесуваат на тоа да:[46]

- Ги насочува дејствијата на надлежните органи за откривање и пријавување на кривичните дела и на нивните сторители;
- Издава наредби или предлага користење на посебни истражни мерки (ПИМ);
- Донесува наредба и спроведува истражна постапка;
- Пронаоѓа, предлага и обезбедува докази;
- Предлага привремени мерки за конфискација на имот прибавен со извршување на кривично дело;
- Одлучува за одлагање на кривично гонење под услови определени со закон;
- Предлага издавање на казнен налог;
- Предлага и прави спогодба со обвинетиот за признавање на вина;
- Поднесува и застапува обвиненија пред надлежниот суд;
- Поднесува жалба против неправосилни судски одлуки и вонредни правни лекови против правосилните судски одлуки;
- Одлучува по жалба на оштетениот;
- Презема и други дејствија утврдени со закон.

Клучната улога на ЈО во кривичната постапка е:[47]

- Да раководи со преткривичната постапка каде на располагање ја има правосудната полиција, но може и сам да презема дејствија за откривање на кривично дело и гонење на сторители за кои се задолжени МВР (криминалистичката полиција, крим-техника и сл.);

[45] Матовски,Н, Бужаровска-Л.Г. Калајџиев,Г.Казнено процесно право, Скопје, 2011 г., стр 109
[46] https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/
[47] https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/права и обврски на ЈО

- ЈО раководи со целокупната постапка (предлага мерки, дава упатства за постапување, врши контрола на мерките и дејствијата кои ги презема полицијата);
- ЈО хиерархиски е надреден над полицијата во делот на спроведување на преткривичната и кривичната постапка, (полицијата е во подредена положба во однос на ЈО, полицијата постапува по наредба и упатства за постапување од ЈО, за сите активности во постапката полицијата е должна писмено да го известува ЈО).

ЈО ја започнува кривичната постапка со:[48]

- Издавање на наредба за спроведување на истражна постапка;
- Постапката може да започне со преземање на истражни дејствија пред издавање на наредбата;
- Со обвинителен предлог;
- Со предлог за издавање на казнен налог и со
- Изрекување на мерки за безбедност.

Полицијата по приемот на дојавата или добиените сознанија, или пак, ако постојат основи на сомнение за сторено убиство на жена, има обврска без одлагање по писмен пат да го извести јавниот обвинител. Заради потребата или итноста на постапувањето, известувањето може да се стори и по устен пат, но писменото известување мора да следи. Во текот на предистражната постапка правосудната полиција е должна да постапува по наредбите на ЈО, а бараните известувања должна е да ги обезбеди најдоцна за 30 дена од приемот на наредбата.

Законот за кривична постапка (ЗКП) сега ги опфаќа предистражната постапка и истрагата. Одлучувањето за кривичната пријава и предистражната постапка имаат за цел да разјаснат дали почетното сомневање за сторено кривично дело е основано. Од таа причина јавниот обвинител и полицијата собираат докази на неформален начин. Јавниот обвинител ги презема сите дејствија во постапката за кои е овластен според законот сам или преку лицата

[48] https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/права и обврски на ЈО

кои врз основа на законот за јавното обвинителство се овластени да го застапуваат во кривичната постапка.

4.4 Процедура на постапување на полициските службеници на МВР за кривичното дело убиство на жена

Стандардната оперативна процедура претставува унифициран начин на постапувањето на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи (МВР) за кривични дела, убиства и други случаи на неочекувана, неразјаснета и смрт под сомнителни околности. Криминалистичко истражување за убиства на жени, неразјаснета и смрт под сомнителни околности се дели во следниве категории:

- Криминалистичко истражување од Категорија А – криминалистичко истражување на убиство кое предизвикува голема грижа кај јавноста, кога не се знае идентитетот на сторителот и кога треба многу повеќе ресурси за собирање на докази.
- Криминалистичко истражување од Категорија Б – криминалистичко истражување на убиство, каде што не се знае идентитетот на сторителот, а ризикот за јавноста не е голем и спроведувањето на криминалистичкото истражување или собирањето на докази, може да се постигне со нормален број на лица и ресурси.
- Криминалистичко истражување од Категорија В – криминалистичко истражување на убиство, кога се знае идентитетот на сторителот уште на самиот почеток и кога многу лесно може да се спроведе криминалистичкото истражување и да се соберат докази.

Во случаи кога има пријава за убиство, Дежурниот оперативен центар (ДОЦ) е потребно веднаш да го извести началникот на Секторот за сериозен криминал или началникот на Одделение за криминалистичка полиција при Секторот за внатрешни работи (СВР) и да му ја пренесе информацијата. Во случај на пријава на кривичното дело од Категорија А, Секторот за сериозен криминал од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен

криминал (СОСК) веднаш презема криминалистичкото истражување. За сторено убиство од категорија Б, се одбира една од следниве опции:

- Ја следи и ја спроведува истрагата и го составува тимот од припадници на СВР, кој ќе продолжи со активностите.
- Истражниот тим од СВР може да побара помош од началникот на Секторот за сериозен криминал, но ќе си ја задржи сопственоста врз истрагата или
- Истрагата може да ја спроведува Секторот за сериозен криминал од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал. Истрагите за убиства од Категорија В треба да останат во надлежност на истражниот тим од СВР, освен во случај, ако началникот на Секторот за сериозен криминал не процени дека е поврзана со некоја друга тековна истрага на организиран криминал.

Одлуката за ваквата истрага ја носи реакцијата на полицискиот службеник по приемот на пријава дека е сторено убиство. Тој е потребно да побара од лицето што пријавува да:

- Се врати на безбедна локација близу лице местото;
- Да не влегува во очигледните параметри од лице местото, освен ако нема потреба да даде основна медицинска помош;
- Да не допира или поместува ништо на местото на настанот и
- Да се обиде да ги спречи други лица да влезат на лице местото.

По добиеното сознание за извршено убиство, дежурниот полициски службеник во Центарот за информации и команда (ЦИК), односно дежурниот полицаец во Полициска станица од општа надлежност треба да му ги постави следниве прашања на лицето што ја дава информацијата:

- Име и презиме, домашна адреса и телефон;
- Првична изјава од лицето што пријавува за тоа што видел и што слушнал;
- Да даде поточна локација на лице местото;
- Да раскаже за условите под кои го открил убиството;
- Да даде информација за можниот идентитет на жртвата и дали ја препознава;

- Да информира за други лица, дали има и други присутни на местото на настанот;
- Дали лицето што пријавува има некаква врска со починатото лице;
- Каде точно се наоѓа лицето што пријавува, од лице местото;
- Се прашува и за детали за опис на осомничениот и дали има претпоставка за тоа кој може да биде сторител на убиството;
- Полициискиот службеник е потребно да се обиде да го открие идентитетот на лицето што се јавува, а тоа лице инсистира да остане анонимно;

Откако ќе се пренесе информацијата до началникот на Центарот за информации и команда, започнува постапката за понатамошно проследување и преземање на активности.

- Веднаш се формира група за обезбедување на местото на настанот и се отпочнува постапката за прибирање на првични информации;
- Се известува дежурната увидна група и истата се упатува на местото на настанот;
- Веднаш телефонски се известуваат: началникот на Секторот за внатрешни работи, началникот на Одделението за криминалистички работи, началникот на единицата за насилен криминал, раководителот на Отсекот за криминалистичко-технички истраги на место на настан, командирот на полициската станица и јавниот обвинител;
- Со првичните сознанија за извршеното кривично дело кога има непознат сторител (НН лице), или пак ако сторител е познат, но истиот се решил да оди во бегство, задолжително се известува и Секторот за известување и координација на состојби на Министерството, со цел да се известат сите полициски станици и заради преземање на зајакната гранична контрола;
- Се доставува телеграма со информација за извршеното кривично дело убиство и до Секторот криминалистички работи и до Секторот за криминалистичко разузнавање и анализа во Бирото за јавна безбедност и до Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во Централните полициски служби.

Полициските службеници од групата за обезбедување, по добиената задача од дежурниот полицаец излегуваат на местото каде што е извршено кривичното дело, каде што раководителот на групата ги презема следните мерки и активности во однос на:

- Идентификација на жртвата;
- Идентификување на осомничениот;
- Набљудување на лице местото на кривичното дело;
- Да презема мерки за заштита на лице местото;
- Да ги постави надворешниот и внатрешниот периметар и да постави обезбедување;
- Да започне со подготовки за водење на дневник, за сите влезови во внатрешниот и надворешниот периметар на лице место на настанот;
- Да започне со обработката и раководењето со лице местото на кривичното дело;
- Да ги преземе сите мерки за справување со можноста од контаминација на лице местото;
- Да започне со прибирање на првични сознанија за кривичното дело и ги утврди лицата кои се сведоци на делото и ги изолира од другите сведоци;
- Да го забранува пристапот на сите неовластено присутни лица, сè до завршување на увидот;
- Да оневозможува движење на граѓани кои имаат некаков интерес за делото, а воедно да се обиде да прибира сознанија од нив, без да си дозволи да коментира за делото и
- По доаѓање на увидната екипа на местото каде е извршено кривичното дело, началникот на Отсекот за општ криминалитет или началникот на Одделението за крвни, сексуални и сообраќајни деликти и раководителот на Оперативниот тим, поднесуваат извештај за констатираната состојба од моментот на излегување на лице местото на настанот, каде што е извршено убиството за добиените сознанија и за промените на лице местото кои можеле да бидат предизвикани од граѓани или од лицето кое пријавило за настанот, од полициските

службеници или од здравствените работници, за можните сведоци или кои семожни осомничени лица.[49]

4.5. Начин на дознавање на извршено убиство

Настанатото лишување од живот на некое лице не мора секогаш веднаш да биде видно манифестирано. За настанатиот чин на убиството не мора веднаш да се дознае, за тоа може да помине некогаш пократок или подолг временски период од извршувањето на убиството до неговото откривање. Во одредени случаи за убиството се дознава веднаш по неговото извршување. Во друг случај, за убиството се дознава по пријавување на сведок на настанот, или од друго лице кое посредно дознало за настанот. За сторено убиство може да се дознае и по непосредно полициска активност, на откривање на леш или човечки остатоци при рутинско поминување на местото на настанот. Самиот сторител може да го пријави случајот – самопријавување, или од моментот на извршување на убиството да помине подолг временски период, ако убиството е извршено на место каде што немало некој да го забележи убиството и слично. Во одредени ситуации и по подолг временски период се открива кривично дело, убиство на лице кое е пријавено како исчезнато или лице кое не е пријавено како исчезнато, со пронајден леш исфрлен од речни или езерски води, со пронајдено возило во кое е пронајден човечки труп, итн. Без оглед на тоа кога е извршено кривичното дело, полицијата веднаш по дознавањето презема мерки и дејства на откривање, расветлување и докажување на настанот и презема мерки за приведување на сторителот. Првичните информации за сторено кривично дело убиство или за некој настан од каде првичните сознанија се за кривично дело, убиство, полицијата ги добива на неколку начини, а тоа се:[50]

- Пријава за исчезнување на лицето;
- Пријава за откриен труп;
- Пријава од сведоци;
- Анонимна и псевдонимна пријава;

[50] Николоска, С. Општ криминалитет, Скопје, 2015, стр.279

- Пријава од здравствени установи;
- Самопријава

4.5.1 Пријава на исчезнато лице

Еден од начините за отпочнување на криминалистичката оперативна дејност на полицијата е преку пријавата за исчезнато лице од неговите блиски (членови на семејство, соседи, пријатели, колеги, станодавачи и сл.), иако во најголем дел од случаите на вакви пријави не секогаш се работи за убиство. Во моментот на прием на пријавата за исчезнато лице, треба да се забележат следните факти:[51]

- Кој го извршува пријавувањето на исчезнато лице;
- Идентификациски податоци на исчезнатото лице (личен опис и фотографија);
- Каде е видено лицето за последен пат;
- Се поставуваат прашања за можни места на престој;
- Семејни прилики;
- Се прибираат сознанија за психофизичкото здравја;
- Се разработуваат верзии за можен мотив и слично.

Со цел пронаоѓање на исчезнатото лице оперативната активност може да започне со распрашување по здравствените установи, казнено-поправните установи, со ставање на известувања по медиумите и електронските комуникации. По добивањето на првичните сознанија за личноста на исчезнатото лице, се создаваат првичните верзии за можно сценарио за пронаоѓање на исчезнатото лице.

Иако сите пријави на исчезнати лица не завршуваат фатално, во многу случаи исчезнатото лице се вратило кај своето семејство. Но има и случаи каде лешот е пронајден, а нема идентитет на тоа лице, па размената на оперативни информации на криминалистичните служби е од огромна важност

[51] Ангелески,М.Криминалистика,Студенски збор, Скопје 1993, стр.209

при водењето на евиденција на исчезнати лица и евиденцијата на непознати пронајдени лешеви.[52]

4.5.2 Пријава за откриен труп

Преку пријава за откриен леш или човечки остатоци, многу често започнува преткривичната постапка. На почетокот има многу нејасни прашања на кои подоцежната постапка треба да даде одговори. Најпрво, според состојбата на лешот, треба да се одговори на прашањето дали се работи за природна или насилна смрт, односно на пријавителот или откривачот на лешот, кој пријавата до органот ја врши по телефон, му се поставуваат прашања во смисла:

- Кога и каде го нашол трупот?
- Дали се работи за маж, жена или дете?
- Дали го препознава трупот?
- Дали имало уште некој со него во моментот кога е пронајден лешот?
- Што правел тој на местото кога го пронашол лешот?[53]

Места на кои може да се пронајде леш или човечки остатоци:[54]

Леш или човечки остатоци можат да бидат пронајдени во природата на кое било место. Тие можат да бидат пронајдени на отворен или затворен простор, во напуштено место, или објект што не може да се поврзе ниту со убиеното лице, ниту со сторителот. Во ваков случај има потешкотии во откривањето на идентитетот на жртвата.

Лешот или човечките остатоци можат да бидат пронајдени на местото на престој на жртвата. Во овој случај не се поставува прашање за идентитетот на лешот, туку прашањето е насочено кон откривањето дали смртта настанала насилно.

[52] Корајлиќ, Н. Криминалистичка методика (крвни, сексуални имотни) Универзитет ААВ, Приштина/Сарајево 2007, стр.22
[53] Николоска, С. Методика на истражување на општ криминалитет, Скопје, 2015, стр.280
[54] На криминалистичката пракса познати и се разновидни начини на прикривање на лешеви и прикривање на кривичното дело убиство-лешот се фрла во река, бунар, полски клозет, контејнер за отпадоци, лешот се распарчува и се закопува на различни места, се уништува лешот со палење, се закопува во домот и сл.-Симоновиќ Б. Криминалистика, Крагујевац, 2004, стр.555

Лешот или човечките остатоци можат да бидат пронајдени на место кое не е место на настанот, туку таму дополнително е донесен лешот. Од причина што местото на настанот е непознат, се појавуваат потешкотии во откривањето на сторителот, а во зависност од состојбата на пронајдениот леш, можни се и потешкотии во идентификацијата на жртвата, особено ако со описот на исчезнати лица не одговара пронајдениот леш или ако се работи за странски државјанин.

Потешкотии на откривачкиот процес претставува и лошата состојба на лешот, ако е во распаѓање или е распарчен и се пронаоѓаат делови на различни места (особено на напуштени места, депонии, на места на новоградби и сл.). Соединувањето на лешот, односно поврзувањето на распарчените делови се врши преку т.н. ДНК-анализа и на тој начин се потврдува дека се работи за исто лице.[55]

4.5.3 Пријава од сведоци

Ова е најчестиот начин за дознавање на ОВР за сторено убиство. Во основа се работи за пријава од членови на семејството, роднини, пријатели на жртвата или сторителот, соседи и слично, кои биле сведоци или очевидци на конкретниот настан. Во основа тоа се лица кои први пристапиле на местото на настанот или се нашле во својство на сведоци на извршувањето на криминалниот настан или се сомневаат дека во соседството се случува убиство по слушање на вербална расправија, врисоци или слушнатиот истрел.

Вообичаено лицата кои се затекнале во моментот на извршувањето на убиство или први пристапиле кон лице местото, каде што ја пронашле жртвата на убиство, пријавата до ОВР ја поднесуваат по телефонски пат.

Ваков вид на пријава можат да поднесат малолетници или возрасни лица. Кога деца поднесуваат ваква пријава, треба да се насочат кон побарување на повозрасна личност која ќе ги потврди наводите, освен ако се работи за дело во обид кое можело да биде насочено кон нив. Приемот на

[55] Нашата криминалистичка пракса има искуство со ваков случај-имено сопругата после стореното убиство на сопругот со метална шипка, настанот се случил во Штип најпрво го замрзнува телото во замрзнувачот и му го распарчува телото на сопругот и во ќеса за одпадоци го разнесува телото низ градот. Со ДНК анализа е констатиран идентитетот на лешот и човечките остатоци. http://www.globusmagazin.com.mk/?ItemID=5610D41D41B4114DB88DF7AA069A3C5F

ваков вид на телефонска дојава за сторено убиство треба да биде во насока на барање на одговор на деветте прашања на криминалистиката. Треба да се добијат одговори за тоа што се случило, кога се случило, многу е важно да се констатира времето кога се случило, како се случило, точното место, каде се случило, со што се случило, кој бил мотивот, кој е сторителот и слично.[56]

Со излегувањето на лице место треба да се констатираат сите искази добиени од пријавата, која секако треба да биде во целост веродостојна. Со доаѓањето на лице место на настанот, од патролната служба треба да се забележат и воочат сомнителните околности. За сите околности треба да се извести оперативниот дежурен и да се организира постапката за истражување.

4.5.4 Анонимна и псевдоанонимна пријава

Анонимните пријави се пријави без потпис на подносителот, додека псевдоанонимната пријава има лажен потпис на пријавителот. Пријавата може да биде напишана рачно, на компјутер, или на машина за пишување, да биде пратена како СМС-порака, да биде аудио снимена, или да биде пријава по телефон без да се претстави соговорникот.

Во однос на точноста на пријавата, таа може да биде точна, делумно точна или целосно неточна. Секоја информација која ќе биде добиена на ваков начин треба да биде проверена. Кога информацијата е точна или делумно точна, не треба да се трага кон пријавувачот. Во случаите на лажна анонимна или псевдоанонимна пријава, треба да се трага кон создавачот на пријавата, од причина што можеби се работи за вистинскиот сторител на убиство кој има намера да терети друга личност. Ваквиот вид на пријава е во зависност од мотивот на пријавувачот. Можен е случај кога мотивите се од психолошка природа, а понекогаш авторот има психопатолошка позадина. Понекогаш целта на ваквиот начин на пријава може да биде да се насочи истрагата во погрешна насока. Од голема важност за органите на прогонот е да го откријат мотивот и создавачот на ваквата пријава. Лицето кое е посочено за можен сторител може да го даде одговорот за создавачот на ваква пријава и за неговиот мотив. Можен мотив за анонимна или псевдоанонимна пријава која е во целост

[56] Zerjav, C. Kriminalistika, Obrazovni centar za unutrasne poslove RSUP Hrvatske, Zagreb, 1986, str.40

вистинита, може да биде и компромис помеѓу желбата кривичното дело да се разоткрие, а од друга страна, да се избегне создавачот на анонимната или псевдоанонимната пријава да се експонирана судот и да се појави лицето во својство на сведок.[57]

4.5.5 Јавно озборување за семејно насилство и насилство врз жени

Стореното убиство не мора веднаш да биде видно манифестирано. За чинот на убиство не мора веднаш да се дознае, може да помине пократок или подолг временски период до неговото дознавање.[58]

Јавното озборување, како начин на дознавање за сторено убиство, многу ретко се среќава во практичната работа на полицијата, но сепак е присутно. Јавното озборување се состои во гласини за сторено дејствие на некоја личност за кое не се знае дали е навистина сторено и од кого потекнуваат гласините. Првичните гласини со поминувањето на времето сè повеќе се трансформираат и добиваат друг тек, а до органите стигнуваат деформирани и извитоперени. Но, независно од вистинитоста или невистинитоста на јавното озборување, органите на прогонот треба да ги проверат информациите. Потрагата по информациите треба да биде во насока кон создавачот и кон проверка на нивната вистинитост. Делувањето на органите треба да биде во насока каде има дим има и оган.[59]

Доколку се утврди дека јавното озборување е точно, тогаш не треба да се трага по изворот на информацијата. Но, во случај кога се констатира невистинитост на содржината на информацијата, тогаш се работи за кривично дело и се пристапува кон откривање на создавачот на лажните вести. Потрагата кон создавачот на лажните вести започнува од последниот кој ја пренел, па наназад се доаѓа до изворот на веста. Ако е потребно, се применува и соочување на лицата кои ја пренеле веста, како оперативно-тактичка мерка.[60]

[57] Симоновиќ,Б.Криминалистика, Крагујевац, 2004, стр.30
[58] Николоска, С.Методика на истражување на општ криминалитет, Скопје, 2015, стр.279
[59]Корајлиќ, Н. Криминалистичка методика (крвни, сексуални имотни) Универзитет ААВ, Приштина/Сарајево 2007, стр.23
[60] Џуклески,Г. Вовед во криминалистика, Скопје, 2009, стр.132

4.5.6 Активности на полицијата

Преку правилно насочување на оперативно-тактичките мерки и дејствија, особено преку остварувањето на поширок увид во одредено административно - територијално подрачје или преку контрола на одредено криминогено жариште и пунктови, кои се собиралиште на деликвенти или на лица со сомнително однесување, може да се дојде и до информации за планирано или извршено убиство.

ОВР во следењето на секојдневните состојби на теренот, може да дојде до податоци за конфликтни состојби во соседството, за нарушени семејни односи, да ги забележи лицата со агресивно однесување, да забележи материјалните последици од друго дејствие и од други облици на факти кои евентуално би можеле да иницираат кривичен настан и да ја истажат криминалната активност на одредено лице кое се јавува како потенцијален осомничен.[61]

4.5.7 Пријава од здравствена установа

Обврска на здравствените работници им е да даваат помош и нега на лицата на кои тоа им е потребна. Во ситуации кога е побарано помош од здравствени работници, кога се работи за смрт на некое лице, тие согласно чл. 267 од Законот за здравствена заштита, се должни да ја утврдат причината и времето на смртта. Согласно чл.267 став 2, ниту едно лице не смее да биде закопано без да се изврши преглед и обдукција и да се утврди времето и причината за смртта. Во сите случаи кога ќе се контстатира насилна или смрт под сомнителни околности, задолжително треба да се извести органот за внатрешни работи. Кога докторот ќе забележи нанесени повреди на телото на пациентот, има должност и обврска за констатираните повреди да ја извести полицијата и да пристапи кон санирање на повредите, особено кога ќе се посомнева дека повредите е можно да се нанесени од трето лице. Обврската на здравствените работници да ја известат полицијата за насилството врз пациентите е согласно потпишаните Протоколи за соработка помеѓу

[61] Ангелески, М, Криминалистика, Студенски збор, Скопје 1993, стр.218

институциите. Пријавата од здравствена установа е должност и обврска на медицинскиот персонал кога има сомнение за сторено убиство.

4.5.8 Самопријавување на сторителот

Самопријавувањето на сторителот дека извршил убиство е редок случај, но во праксата сепак постои. Самопријавувањето на сторителот може да биде лажно или вистинито. Праксата покажува дека постои и трет случај, кога самопријавувањето е несвесно невистинито.

Кај сторено убиство, ако сторителот делото го сторил во силна афектна состојба, како што се убиство на миг или од небрежност и додека сторителот е под силно психичко дејство од стореното, може да појде во полициската станица и да ја зборува вистината.

Самопријавување може да направи и сторител којшто очекува дека ќе биде уапсен, а самопријавувањето е со цел да си ја олесни положбата, во постапката на докажување.[62]

Но, треба да се каже дека кон самопријавување посегнуваат душевно здрави и душевно болни лица како за постоечки кривични дела, така и за непостоечки дела или имаат мотив да се прикрие некој друг сторител на убиството. На ваквиот тип на пријава треба да ѝ се приоѓа со потребен степен на критичност. Таа не треба да се прифати како точна или веднаш да се отфрли како неточна.[63]

По обезбедувањето на местото на настанот и по укажувањето помош на лица затекнати на местото на настанот, а на некој начин се инволвирани или учествувале во самиот настан, се обезбедуваат со носење во полициска станица, каде што со нив се вршат разговори.

Полицијата се организира на начин што веднаш го известува јавниот обвинител, најпрво по телефон, а потоа и по писмен пат треба да се извести безбедувањето на местото на криминалниот настан претставува мерка од прв оперативен зафат, и се изведува од страна на униформиран дел на полицијата – групата за интервенции (тим што е во состав на дежурната екипа во секоја

[62] Џуклески, Г. Вовед во криминалистика, Скопје, 2009, стр.133
[63] Ангелески, М. Криминалистика, Студенски збор, Скопје 1993, стр.214

полициска станица). На местото на настанот излегуваат најмалку двајца полицајци, во зависност од проценката на дежурниот полицаец, во првиот тим можат да бидат и повеќе полицајци и дежурен криминалистички инспектор за општ криминалитет кои дежураат, ако е надвор од работното време.

Во случајот кога станува збор за пронајден труп, чијашто смрт настапила претходно или поминал одреден временски период, веднаш по добивањето на информацијата, полицијата излегува на местото на настанот, каде што е пронајден трупот и го обезбедува местото, а потоа на местото на настанот излегува увидна екипа од полиција со јавен обвинител и тим од криминалистичка техника.

Во криминалистичката практика се забележани и случаи на пронаоѓање делови од човечкото тело, а полицијата исто го обезбедува местото на настанот и таму се врши увид заедно со јавниот обвинител и тимот од криминалистичка техника. Кај криминалните случаи кога сторителот веднаш по извршеното убиство бега од местото на настанот, се преземаат мерки за негово пронаоѓање.

Полицијата во вакви ситуации ги почитува начелата на брзина изненадување, темелност, упорност и единствено водење на постапката, брзо се реагира со излегување и обезбедување на местото на настанот и брзо се реагира во однос на пронаоѓање на сторителот/сторителите со блокирање на споредните улици, влезните и излезните патишта, но се даваат и информации за сторителот, ако бил со возило - податоци и за возилото, и се информираат соседните полициски станици за вршење на засилени контроли.

Целта на мерките и дејствата од првиот оперативен зафат е да се добие одговор на основното криминалистичко прашање: Што се случило? Во зависност од целта на лажната самопријава, може тоа да биде тактички потег со цел истрагата да се однесе во погрешна насока и за различно кривично дело. Сите информации кои ќе бидат добиени од лицето кое тврди дека е сторител, треба темелно да се проверат. Најнапред е потребно да се побара од пријавувачот да направи скица на настанот и за начинот на извршувањето на делото, каква била неговата положба при извршување на настанот, положбата на жртвата и слично. Преку содржината на пријавата се очекува во

раната фаза да се откријат објективните и субјективните околности за тоа како се одвивал настанот.[64]

4.6 Мерки и дејствија од првиот оперативен зафат

Полицијата најчето по телефон ја добива пријавата дека е сторено убиство и тоа веднаш по извршувањето на кривичното дело. Постапувањето на полицијата по добивањето на информациите е брзо реагирање и излегување на местото на криминалниот настан и негово обезбедување. Начелото на оперативност наложува веднаш по добиеното сознание за сторено убиство да се преземат мерки за откривање на факти и околности кои се важни за негово разјаснување и докажување, односно да се откријат трагите, да се подигнат, да се фиксираат и да се заштитат од уништување од „забот на времето“.

Во зависност од тоа во колкава мера вработените органи кои се задолжени за спроведување на кривичен прогон ќе се придржуваат кон ова начело, ќе зависи и успешноста на расветлувањето на кривичното дело и успешниот исход на целокупната кривичната постапка. Ако е надворешен простор, тогаш местото се обележува со лента, а полицијата веднаш информира во брза помош заради обезбедување на лицето – жртва на криминалниот настан или ако станува збор за повеќекратно убиство или убиство во обид, тогаш се обезбедуваат лешевите од страна на медицински лица, а на лицата кои имаат знаци на живот им се пружа медицинска помош. Посебно се обележуваат местата, односно положбата во која е затекната жртвата.[65]

По обезбедувањето на местото на настанот и по укажувањето помош на лица затекнати на местото на настанот, а на некој начин се инволвирани или учествувале во самиот настан, тие се обезбедуваат со носење во полициска станица, каде што со нив се вршат разговори. Полицијата се организира на начин што веднаш го известува јавниот обвинител, најпрво по телефон, а

[64] Корајлиќ, Н. Криминалистичка методика (крвни, сексуални имотни) Универзитет ААВ, Приштина/Сарајево 2007, стр.22

[65] Николоска, С.Методика на истражување на општ криминалитет, Скопје, 2015, стр.280-282

потоа и по писмен пат и треба да се преземат итните мерки на обезбедување на лице местото, до доаѓањето на увидната екипа.[66]

Обезбедувањето на местото на криминалниот настан претставува мерка од прв оперативен зафат, и се изведува од страна на униформиран дел на полицијата – групата за интервенции (тим што е во состав на дежурната екипа во секоја полициска станица).

На местото на настанот излегуваат најмалку двајца полицајци, во зависност од проценката на дежурниот полицаец, во првиот тим можат да бидат и повеќе полицајци и дежурен криминалистички инспектор за општ криминалитет кои дежураат, ако е надвор од работното време.

Во случај кога станува збор за пронајден труп, чијашто смрт настапила претходно или поминал одреден временски период, веднаш по добивањето на информацијата, полицијата излегува на местото на настанот, каде што е пронајден трупот и го обезбедува местото, а потоа на местото на настанот излегува увидна екипа од полиција со јавен обвинител и тим од криминалистичка техника.

Во криминалистичката практика се забележани и случаи на пронаоѓање делови од човечкото тело и полицијата исто го обезбедува местото на настанот и таму се врши увид заедно со јавниот обвинител и тимот од криминалистичка техника. Кај криминалните случаи кога сторителот веднаш по извршеното убиство бега од местото на настанот, се преземаат мерки за негово пронаоѓање.

Полицијата во вакви ситуации ги почитува начелата на брзина и изненадување, темелност, упорност и единствено водење на постапката, брзо се реагира со излегување и обезбедување на местото на настанот и брзо се реагира во однос на пронаоѓање на сторителот/сторителите со блокирање на споредните улици, влезните и излезните патишта, но се даваат и информации за сторителот, ако бил со возило - податоци и за возилото, и се информираат соседните полициски станици за вршење на засилени контроли.

Целта на мерките и дејствата од првиот оперативен зафат е да се добие одговор на основното криминалистичко прашање: Што се случило? Во зависност од одговорот и затекнатата криминалната ситуација, ако

[66] Петровиќ, А. Криминалистичка методика, Београд 1981, стр.453

постапувањето на полицијата е веднаш по извршувањето на кривичното дело, може да се дознае дека станува збор за убиство или веднаш не е јасно дека не станува збор за убиство, дека се работи за несреќен случај или самоубиство. Лекарскиот тим кој е вклучен веднаш по обезбедувањето на телото на жртвата, го прави и првичниот преглед со цел да утврди дали постојат одредени траги на насилство.

Ориентирање и избор на начинот на прегледување на местото на настанот претставува:[67]

- Маркирање на сите важни точки и сите видливи траги и предмети од кривичното дело на местото на кривичниот настан;
- Фотографирање и скицирање на местото на кривичниот настан;
- Влегување на судски медицинар во кругот на местото на кривичниот настан и вршење преглед на трупот;
- Фотографирање, скицирање и опишување на трупот, опишување на местото на настанот.

Одговорот на прашањето: „ШТО СЕ СЛУЧИЛО?“, се однесува на:[68]

- Давање прва помош или повикување брза помош за првична помош на жртвата;
- Први на местото на настанот пристапуваат униформирани полицајци;
- Блокирање и обележување на местото на настанот – психолошка бариера (лента „стоп полиција“);
- Ослободување на местото на настанот од затекнатите и неповикани лица;
- Заштитување на лешот од атмосферски влијанија;
- Заштита на трупот од напад на животни или инсекти;
- Распрашување и задржување на очевидците и други посредни сведоци што се затекнати на местото на настанот.

Значењето на увидот е изразен во Локартовата теза, дека при секој контакт на два предмета се остава трага и *vice versa*. Како последица на овој

[67] Николоска, С.Методика на истражување на општ криминалитет, Скопје,2015, стр.280-282
[68] Николоска, С.Методика на истражување на општ криминалитет, Скопје,2015, стр.280-282

принцип, се јавува потребата од увидот, без да се откријат трагите не може да се открие кривичното дело, ниту да се открие сторителот.[69]

Брзината на излегување на лице местото е правило кое не смее да се крши.[70] Обезбедувањето на докази од лице местото е неопходност и нивното необезбедување и непронаоѓање може да ја направат безвредна целокупната доказна постапка или да ја однесат целокупната постапка во погрешна насока.

Промените кои можат да настанат на лице место можат да бидат предизвикани од човечки фактор или од временските прилики: од делување на дожд, снег, или да настанат промени од делување на многу топло време и слично. На лешот по самото настапувањето на смртта започнуваат природни биолошки процеси кои можат да ја отежнат работата на екипите за расветлување. Со самото изминување на времето, му се овозможува на сторителот да ги уништи постоечките или да создаде лажни траги, да си подготви алиби или да си организира бегство.

Со брзото излегување на лице место има поголема можност органите кои ја спроведуваат истражната постапка полесно да ги пронајдат и затекнат сведоците на местото на настанот и слично.

Полицијата веднаш се организира и прави план за понатамошни мерки и дејства на откривање на причините или мотивите за убиството. Се трага по сторителот врз основа на пронајдените предметите и трагите на местото на криминалниот настан коишто се пронајдени со првичните мерки и дејства, но и според сознанијата од првичните одговори со лицата што биле на местото на настанот, со пријавувачот, но и со другите лица - очевидци. Драгоцени се и сознанијата што се добиени од семејствата на жртвата, а во подоцнежната постапка по обезбедувањето на сторителот и од блиски со лица сторителот и од други инволвирани лица, а сè во интерес на целосно расветлување на криминалниот случај.

Сокривањето или откривањето на трупот е проблемот што се наметнува подеднакво и кај убиецот и кај криминалистите. Прашањата се: „Дали убиецот може да се ослободи од трупот?“ и „Како засекогаш да го скрие трупот?“.

[69] Станојоска, А. Спомнато дело, стр.151
[70] Водинелиќ, В. Криминалистика, Научна књига Београд, 1987, стр.202

Меѓутоа, во најголем број случаи трупот се појавува, и јасно го открива и обвинува сторителот и го доведува во врска со негово разоткривање.[71]

Врз основа на првичните сознанија, се поставуваат првичните верзии кои понатаму се елиминираат или надоградуваат.

Верзии кои првично се поставуваат кај убиствата се следни:

- Се расчистуваат сомнежите дали се работи за несреќен случај или за убиство (на пример: пожар извршен заради прикривање убиство; ставање труп на железничка линија за да се прикаже како несреќен случај);
- Дали се работи за самоубиство, а всушност е убиство;
- Дали природна смрт е всушност и докажано убиство;
- Во случај на пронаоѓање на исчезната жена, многу често се сокриваат убиства;
- Или се работи за самоубиство прикажано како убиство, несреќен случај или природна смрт.

4.7 Специфичности при вршење увид на местото на настанот

Со цел разјаснување на некои важни факти и околности на кривичното дело за кои е потребно непосредно забележување, се наложува вршење на увид како истражно дејствие. Увидот се спроведува по налог на јавниот обвинител, а го спроведуваат по негово овластување правосудната полиција тогаш кога за утврдување или разјаснување на некаков важен факт во постапката е потребно непосредно забележување. Осомничениот, бранителот и оштетениот можат да присуствуваат при увидот. Нивното отсуство не го одлага преземањето на увидот. (чл.233 од ЗКП)[72]

Увидот на местото на кривичниот настан е истражно дејство раководено од страна на јавен обвинител и секако, увидна полициска екипа - инспектор и увидна екипа од криминалистичка техника - форензичари. Итното вршење увид на местото на кривичниот настан има двојна улога.

[71] Николоска, С.Методика на истражување на општ криминалитет, Скопје, 2015, стр.280-282
[72] http://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/Zakon_za_Krivicna_posta

Прво, со криминалистичко-техничката обработка на место на кривичниот настан се прибираат траги и предмети што претставуваат материјални докази, односно се откриваат „немите сведоци“ за тоа како се одвивала криминалната драма на настанот.

Второ, со вршење увид се стигнува до т.н. идеални траги - како што се исказите на затекнатите лица, како извори на докази. Со лицата затекнати на лице место веднаш се разговара, а подоцна се прави тактиката на неформално полициско сослушување.

Со увидот како истражно дејствие се добиваат сознанија кои се однесуваат на: постоењето на кривично дело, се одредува видот на кривичното дело, се констатираат доказите, се пронаоѓа и утврдува идентитетот на жртвата и се контролираат поедините докази со кои се располага.

Со поставување на прашања кои треба да се одговорат преку вршењето на увидот, се реализираат задачите кои доведуваат до кривичниот заклучок. Поставените прашања пред увидот секогаш се индивидуални за секој конкретен случај при вршење на увид. Задачата на увидот е да одговори на прашањата во врска со:

- пронаоѓање, собирање и фиксирање на предмети и траги на кривичното дело;
- пронаоѓање на околности под кои се случило кривичното дело;
- пронаоѓање на сторителот.

Целите на увидот ќе се постигнат преку:[73]

- Преглед на лице местото во целина;
- Преглед на жртвата и на останатите предмети во целина;
- Преглед на трагите на лице местото;
- Преглед на сомнителните места;
- Со информативен разговор со граѓаните и сведоците и
- Со разговор со осомниченото лице во случај да се пронајде на лице местото.

Увидот се спроведува во неколку стадиуми, од моментот на пристигнување на увидната екипа на местото на криминалниот настан сè до

[73] Водинелиќ,В.Криминалистика,Научна књига, Београд, 1987, стр. 212

целокупното обезбедување на сите траги. За доказите од местото на настанот и на сè што е преземено, се изготвува записник за увидот, а за сите одземени предмети кои во подоцнежната постапка ќе послужат како доказ, се изготвува потврда за привремено одземени предмети.[74]

4.7.1 Опис на лице местото

Затекнатата состојба на лице местото треба да остане непроменета сè додека не биде фиксирана состојбата, преку опис, фотографирање и скицирање. Со описот на лице местото се започнува преку забележување на општата состојба, па се опишуваат особеностите.

Најпрвин се опишува околината на лице местото, па се поминува кон опис на лице местото, потоа се опишува нападнатиот објект, трагите на него, трагите на неговата блиска околина и останатите траги. Описот треба да се однесува на: положбата, големината, обликот и бојата на пронајдените траги. Кога се прави записник за описот на лице местото, треба да се забележат и атмосферските околности и временските прилики, кои биле во моментот на извршувањето на кривичното дело и условите во кои се врши описот на лице место.

Описот на лице местото потребно е да даде прецизен ио конкретен опис на лице местото. Како на пример, во случај ако лешот е пронајден на отворен простор, со описот треба да се назначи точното место - на 03.06.2021 година, во 08:30 часот на ул. Драги Крупишки во семејна куќа е пронајден леш на жена.

Описот на затворениот простор на лице местото започнува од влезната врата во правец на движење на стрелките на часовникот, од лево кон десно, во опис на круг, а средишниот дел се забележува последен. Потоа се забележуваат сите промени на предметите за кои се претпоставува дека се настанати со актот на извршување на кривичното дело.

Ако се опишува положбата на лешот, описот започнува со положбата на главата па кон нозете, со забележување на растојанието на останатите предмети. При описот треба да се забележи положбата на лешот со страните на светот.

[74] Николоска, С.Методика на истражување на општ криминалитет, Скопје, 2015, стр.283-288

При описот на лице место треба да се забележат и негативните факти, кои се очекувале, но не биле пронајдени. Како на пример, на тепихот не се пронајдени крвни траги.[75]

4.7.2 Скицирање на лице местото

Скицирањето на лице местото на кривичниот настан е помошно средство во постапката за разјаснување на објективните елементи на делото, во постапката на сослушување на сведоци и при испитувањето на осомниченият и помага во утврдувањето на субјективните елементи на делото.[76] Скицата може да има и доказна вредност на главната расправа како доказно средство. Доказната вредност на скицата е од важност во случаи кога се потребни точни мерки и кога фотографијата како доказ треба да се надополни.

Затекнатата состојба се скцира во груб опсек. Таа претставува основа за понатамошното цртање. Скицата се прави на милиметарска хартија со цел да се направи размер на скицата. На скицата е потребно да се забележи приближниот размер. Размерот на скицата не би требало да помине 1:200, а деталите од скицата 1:50. Секогаш треба да биде забележан правецот од кој агол се скицира. Потребно е да биде обележан и објектот што се скицира со почетната буква.

Со скицирањето треба да се започне кога ќе се констатира што е битно за доказната постапка. Секоја скица треба да се направи на посебен лист хартија. На скицата треба да бидат забележани и временските околности, како правецот на дување на ветрот, прекршувањето на сончевите зраци и слично.

4.7.3 Претрес на дом и други простории

Во текот на водењето на истражната постапка, ЈО може во согласност со одредбите од ЗКП да преземе истажно дејствие, како што е претрес на домот или на други простории (чл. 295 од ЗКП).

[75] Водинелиќ, В. Криминалистика, Београд, 1987, стр.231-233
[76] Водинелиќ, В. Криминалистика, Београд, 1987, стр. 233-234

Кога се презема оваа ПИМ мерка, потребно е да се изврши темелен претрес на просториите и тогаш се ангажира обучен тим за претреси, составен од искусни истражители или инспектор, кои се подготвени да го извршат претресот. Раководителот на оперативен тим ангажира полициски службеник од криминалистичка техника доказните предмети прецизно да ги евидентира, да направи скици и фотографии за доказите и да советува за соодветното подигање, пакување, транспорт и чување на предметите. Раководителот на претресот ќе биде задолжен да раководи со динамиката на извршување на претрес на просториите.[77]

- Најнапред, пред почетокот на претресот потребно е да се осигура дека евидентирањето на состојбите за лице местото на кривичното дело започнало да се води;
- Потребно е да ја провери безбедноста со користење на периметри за безбедносни мерки кога тоа е потребно;
- Треба да се изврши проценка на сите здравствени и безбедносни ризици; Најпрво просториите треба да се пребараат од осомничени лица, пред да се започне претрес и испитувањето;
- Да се провери дали постојат знаци за насилен влез;
- Да се направи мисловна реконструкција за рутата на движење на сторителот до и од местото на настанот;
- Да се провери можноста за употреба на службено куче за поголема успешност во потрагата; или специјализирано обучено куче за детекција, за трага по човечка крв, човечки лешеви, дрога, огнено оружје, експлозиви;
- Да се утврди пристапен пат до и надвор од просториите;
- Да се утврди процедура за употреба на лична заштитна облека, како маска на лице, комбинезон, ракавици, навлаки за чевли и сл.;
- Задолжително да се провери опасноста од струја, можноста да дојде до поплава, протекување на гас, вода и сл.;
- Можност да се користи дополнително осветлување на лице место;
- Да се утврди кои форензички експерти ќе бидат потребни;

[77] Фришиќ, Е. Методологија на вршење увид кај сериозни кривични дела, криминалистичко судски вештачења и нивната доказна вредност, Скопје, 2018, стр 54-72

- Дали во случајот е потребен форензички патолог;
- Во записникот за состојбата на лице место задолжително да се заведе дали светлата се запалени или изгасени, дали греењето е вклучено или нема греење, дали завесите се тргнати или не, дали ролетните кренати или спуштени и сл.;
- Задолжително да се заведе затекнатата состојба на положбата на вратата и прозорците;
- Задолжително да се провери поштата и весниците, дневниците, писмата, фотографиите, дали постојат исечоци од весници поврзани со кривичното дело, да се провери компјутерската пошта, проверка на мобилни телефони итн. Состојбата е потребно да се фотографира во позиција како што се пронајдени;
- Да се провери постоење на траги од обувки;
- Дали има знаци на неред на сите места внатре;
- Ако постојат траги од крв, потребно е веднаш да се преземат мерки за анализа на крвта. Крвта е потребно да се обележи и да се фиксира, без оглед дали се работи за крвни капки, контакт траги, исфрлена, испрскана крв или отпечатоци или траги од обувките во крвта;
- Ако се пронајде огнено оружје, да се внимава и да се запази целокупната процедура за да може подоцна да се извлекуваат докази;
- Да се утврди процедурата за анализа на отпечатоци;
- Да се утврди процедурата за одземање на облека за понатамошно испитување или фотографирање пред да биде спакувана и етикетирана;
- Да се проверат евентуалните машини за перење или корпи со облека за перење, со цел да се направи проверка и на рачките и отворите за прашок, да се пронајдат евентуални траги од крв, земја или слично;
- Да се испитаат кадите, лавабоата, решетките за одвод на тушот, крпи, сапун, шишиња шампон за доказ на активноста на исперување, вклучително и рачките на вратите, патосниците и теписи во однос на форензички траги, завеси, постелнината, облека и сл.;
- Евентуални отпушоци од цигари и сѐ друго што може да содржи траги од ДНК од посетителите;

- Да се претресе под даските на подот, под кровот, позади маската на кадата, во цистерните и резервоарите за вода и други можни затворени места, за евентуални крвни траги кои во идејата за отстранување на крвта можел да ги остави сторителот;
- Да се претресе ѓубрето и корпите за отпадоци;
- Да се пребара надворешноста поврзана со просториите (градини, доградби, куќарки, гаражи, покрив, одвод, празнини и сл.), а за оваа активност можеби ќе се има потреба од специјална геофизичка опрема (на пример, метални детектори, радари за откривање на предмети скриени под земја итн.);
- Да се пронајдат предмети од интерес кои можат да се доведат во врска со друго претходно извршено кривично дело;
- Да се проверат сите сомнителни предмети што ги има во просториите и кому му припаѓаат (ќе има потреба од попис на сите предмети во просториите или одредени места или соби за доказно поврзување на лицата со предметите);
- Предмети што јасно недостасуваат, оштетен мебел или мебел што недостастува може да е показател за сомнителни околности;
- Да се утврди процедурата за одземање на уреди од тип на компјутер и мобилен телефон;
- Да се провери дали возилото може да се поврзе со криминалниот настан и дали е потребно негово префрлување на соодветно место за понатамошна обработка;
- При обработката на возилото да се обрне внимание од можноста да се пронајдат остатоци од земја или други траги, со ставање на акцент на внимание на сводовите, на просторот за делот на нозете, гепекот или тркалата;

За извршениот претрес на лице место и околниот терен, раководителот на претресот поднесува писмен извештај до раководителот на оперативниот тим.

4.8. Криминалистичка обработка на криминален настан

Истражувањето на убиствата спаѓа во криминалистичката обработка, а не во оперативната контрола. Меѓутоа, помеѓу тие две оперативни дејности нема остри граници, а сознанијата до кои се доаѓа со оперативна контрола, можат да бидат многу значајни за откривање и расветлување на тешките и замрсени убиства, како што се: убиство на брутален или подмолен начин, убиство при безобѕирно насилничко однесување, убиство од користољубие, убиство заради извршување или прикривање на друго, со употреба на одредено кривично дело, убиство од безобѕирна одмазда или од оружје или орудие поради ниски побуди, итн.[78]

За да се докаже дека дејствувањето на осомничениот ја предизвикало смртта на друго лице, потребно е:

- Да се докаже причината за смртта;
- Да се докаже дека осомничениот со дејствување ја предизвикал смртта.

Намерата е бараниот елемент, доказите мора да наведуваат на заклучокот дека злосторството било намерно, а не случајно. Намерата е многу важен елемент и имплицира желба да се нанесе зло и пакост.

Начинот на извршување на делото го покажува степенот на намерата. Видот на користеното оружје, како и тоа на кој начин оружјето е набавено и на кој начин дошле во контакт жртвата и осомничениот, помагаат во докажувањето на намерата, како и дејствата што ја предизвикале смртта.

Повеќето злосторства од страст содржат намера, но не и предумисла, односно зла намера.

4.9 Идентификација на жртвата

Идентификација на личноста се спроведува во постапка во која се утврдуваат и споредуваат правните, биолошките и фактичките обележја по кои едно лице се разликува од сите останати. Правната основа на идентитетот се однесува на темелот на законските прописи кои се однесуваат на

[78] Корајлиќ, Н. Криминалистичка методика (крвни, сексуални, имовински) Сарајево/Приштина, стр. 537

индивидуалната идентификација како особеноста на: името, презимето, брачната состојба, државјанството, престојувалиштето и слично (овие особености се променливи).

Фактичките особености на обележјата на индивидуата се однесуваат на датумот на раѓање, местото, националноста (овие обележја не се променливи и независни од желбата на носителот).

Биолошкиот идентитет на индивидуата е од важност за криминалистиката. Целокупноста на сите индивидуални обележја на индивидуата не се земаат предвид, туку само обележјата со кои индивидуата се разликува од останатите.

Во криминалистиката постојат три начини на идентификација на леш: евиденциска, истражна и експертизна.[79] Идентификацијата на лешот се врши со помош на обележување на идентификационите траги на лешот со елементи на индивидуалностите кои се однесуваат на младежи, тетоважи, белези и слично. Од особена важност се идентификационите траги на вилицата на лешот, важна е улогата на стоматологот, особено ако лешот е резултат на пожар.

Во случај кога лешот е во лоша состојба, реконструкцијата на личноста се извршува со тродимензионална фацијална реконструкција. Денес, со развојот на компјутерската техника, може да се користи методот на дигитална суперимпозиција. Овој компјутерски метод на идентификација се состои во прикажување на фотографија каква личноста би можела да биде преку компјутерското вклопување. Треба да се каже дека информациите од описот кој го дале членовите на семејството на унесреќеното лице, имаат особено значење за идентификацијата на лешот. Откако ќе настане подудирање на идентитетот, се пристапува кон соопштување на семејството на лицето кое се идентификувало.[80]

[79] Корајлиќ, Н. Криминалистичка методика (крвни, сексуални, имовински) Сарајево/Приштина, стр. 69
[80] Корајлиќ, Н. Криминалистичка методика (крвни, сексуални, имовински) Сарајево/Приштина, стр. 71

4.10 Информативен разговор со лицата кои можат да дадат информации

Лицата кои во моментот на извршување на кривичното дело биле во близина и можеле да видат или слушнат поединости од случувањата во кои се случило убиство, се од голема важност во целокупната постапка на разјаснување и докажување на кривичното дело.

Со излегувањето на лице место започнува потрагата на сведоците и лицата кои имаат информации за кривичното дело, жртвата или сторителот. Кога екипата за увид излегува на лице место, започнува и систематското барање на лицата кои можат да дадат некакви информации. Во близината на лице местото се бараат ваквите лица и не треба да се чека тие самите да се јават. Во случај да има повеќе лица, кои се спремни да дадат изјава за настанот, тие се разделуваат и се сослушуваат поединечно.

Екипата која го извршува увидот не треба да се наслони на нивните изјави и да формира слика за тоа како се одвивал настанот, туку својата работа треба да ја насочи кон пронаоѓање на материјални докази, со кои ќе ги поврзе добиените информации од лицата. Директно вклучувањето на лицата кои имаат информации за дадениот настан има огромно значење во фазата на реконструкција.[81]

4.11 Сведоци, вештаци од корист при расветлување на случајот

Сведок е лице кое било очевидец и присутен во моментот додека се одвивал настанот, и за него може да раскаже во интерес на дознавање на вистината.[82]

Раководителот на оперативниот тим треба да донесе стратегија преку која ќе се идентификуваат потенцијалните сведоци. Додека истрагата е во почетна фаза, потребно е да се соберат што е можно повеќе информации коишто можат да се поврзат со криминалниот настан.

[81] Водинелиќ,В.Криминалистика, Београд, 1987, стр.229-231
[82] https://sr.wiktionary.org/wiki/svedok

Раководителот на оперативниот тим треба да донесе стратегии, кои имаат за цел да се идентификуваат потенцијалните сведоци. Добрите сведоци се темелот на примарните докази во кривичното гонење и сите расположливи ресурси треба да се искористат во однос на истото и тоа постојано да остане апсолутен приоритет.

Раната проценка за типот на лица кои најпрво треба да се бараат, ќе помогне во давање приоритет на ресурсите. Секој случај се разликува и раководителот на Оперативен тим треба да биде поактивен и да се обиде да ги искористи сите расположливи можности.

На почетокот треба да се повика единица за собирање визуелни докази и да се обработат видеоснимки на лице место на кривичното дело за да се снимат сите кои се присутни, особено кога има насобран народ.

Во случаи кога има присуство на медиумите, потребно е да се провери дали тие имаат некои податоци за сведоци или корисни снимки, особено да се обрне внимание дали тие имаат направено некое интервју со сведоци, па дури праксата покажала дека има случаи на направено интервју на медиумите и со осомничени лица. Можат да бидат од корист и да се дадат на испитување и пасивни податоци, како на пример, да се изврши проверка на видеонадзорот на околните објекти или да се испитаат објавите на социјалните мрежи и сл.

Полицијата во интерес на пронаоѓање на потенцијални сведоци може да изврши и распрашување во локални јавни места. Стратегијата на поврзување со граѓаните од таа заедница може да биде делотворна во пронаоѓање на информации и потенцијални сведоци. Стратегијата за поврзување со семејството може да помогне со информациите и потрагата по сведоци. Еден од начините за доаѓање на информации за сведоци е преку собирање разузнавачки информации.

Распрашувањето на самата географска локација за информации кои се од интерес за конкретните околности на случајот, како на пример, на потенцијалните рути на движење кои можеле да ги користат како сторителот, така и жртвата и испитување и проверка на евиденцијата од кривично дело за да се види дали биле заведени податоци на потенцијални сведоци и слушањето на снимките на јавувачот се точни.

Првиот контакт со сведоците не се ограничува само на раните фази од кривично дело или при водењето на криминалистичко истражување, туку тоа

може да се случи во кој било момент во текот на криминалистичкото истражување, вклучувајќи ги и оние случаи кои се отворени повторно после многу години.

Првите впечатоци кои можат да ги стекнат сведоците во разговорот со ОСЛ на полицијата, за тоа како тие можат да бидат третирани, влијаат на волјата на сведокот да соработува и на тој начин да обезбеди докази.

Прифатливо за сведокот е кога тој ќе го даде првичниот исказ, истиот да биде заведен од полицискиот службеник кој постапува по предметот. На секој последователен разговор со сведокот, да може да го вклучи првичниот исказ и заведеното во белешките, кое може да му служи на ОСЛ како потсетник. Сето што е претходно кажано ќе биде со цел преку истрагата подоцна да се испита потемелно, во сите детали.

Првичниот контакт со сведоците не се ограничува само на раните фази од кривично дело или водење на криминалистичко истражување и може да се случи во кој било момент во текот на водењето на криминалистичкото истражување, вклучувајќи ги и оние случаи кои се отворени многу години. Раководителот на оперативниот тим треба да постави цели за да се осигура дека членовите на истражниот тим и другиот полициски персонал кои би го имале првичниот контакт со жртвите, ја разбираат важноста на нивните постапки доколку и кога ќе се сретнат со сведоци. Првите впечатоци за тоа како може да се третирани или како ќе се постапува со нив може да влијаат на волјата на сведокот да соработува и на тој начин да обезбеди докази.

Сосема е прифатливо за сведокот да даде првичен исказ, точно заведен од страна на полицискиот службеник кој постапува. Последователниот разговор според насоките и процедурите може да го вклучи и првичниот исказ и заведеното во белешките. Тоа ќе биде со цел да се потврди што се кажало и да се испитаат потемелно сите детали кои се вклучиле.

Во зависност од карактерот на кривично дело кое е во рамките на криминалистичко истражување може да е корисно да се направи дијаграм или реконструкција што покажува точно каде бил и како бил позициониран сведокот кога забележал нешто од значење. Тоа ќе помогне да се сочува овој податок и да се стават работите во контекст во подоцнежната фаза, особено ако околината од кривично дело се променила во меѓувреме.

Кога се води разговор со сведоци, полициискиот службеник мора да води сметка за следното:

- Колку време сведокот бил во состојба да го набљудува дејството на извршување на кривичното дело;
- Колкава била оддалеченоста помеѓу сведокот и местото на настанот;
- Каква била видливоста за да може да го види дејството на сторителот и да процени со каков вид располага сведокот;
- Дали постојат пречки кои можеле да го попречат погледот на сведокот;
- Дали лично сведокот се познава со сторителот, односно дали истиот му е познат или го имал само видено некаде претходно и како го поврзува дека тоа лице е наводниот сторител на кривичното дело;
- Што било претходно и од која причина успеал да го запамети наводниот сторител, и дали постои и што имало нешто специфично што придонело да се запамети лицето, или пак, информациите за кривично дело;
- Колку време има поминато откако сведокот за последен пат го видел наводниот сторител.

Полициискиот службеник треба да обрне внимание и на информациите:

- Дали сведокот има информации за предметите кои биле користени во извршување на кривичното дело и каде истите биле подоцна оставени;
- Дали сведокот знае и за тоа е свесен за постоење на доказни недоследности и пропусти во кажаното од негова страна и со тоа се обидува да манипулира или е свесен за непостоење на некои материјалните докази кои сè уште не се собрани, а се од важност за истрагата;
- Кога сведокот ја познава жртвата или осомниченият и претходно имале некакаков меѓусебен контакт, потребно е да се истражи нивната претходна врска, нивното минато, кои места ги посетувале и дали постојат други ситуации кои се поврзани или се слични;
- Секоја дополнителна информација за животот на сведокот може да ја зајакне или оттргне веродостојноста на исказот на сведокот на пример дали сведокот конзумира и колку е склон кон консумирање на алкохол или дрога, и дали имал нешто консумирано кога бил во својство на

сведок на настанот, дали консумира некои психотропни супстанции и сл. и

- Со цел да се избегне конфузија на добиениот исказ, потребно е претходно да се констатираат сите информација коишто ги поседува сведокот, дали има некои информации кои би можеле да одат во насока за да може да дојде до негово заплашување за да може да биде сведок и на судската постапка. На ова тема има потреба да се работи, откако тој ќе се заврши со неговиот исказ во својство на сведок.

Без оглед дали некој е во категоријата на сведок и треба да се пронајде со цел да се изврши разговор и да се елиминира (Пронајди, Разговарај, Елиминирај - ПРЕ) или е во категоријата на осомничен, многу е важно е да се знае како треба да постапуваат членовите на истражниот тим.

4.11.1 Тактика на сослушување сведоци

Разговорот направен со семејството на жртвата, сведоците и осомниченият е од централно значење за водењето и успехот на криминалистичкото истражување. Можно е да се има повеќекратна корист од разговорите што се водат професионално и чиј квалитит е осигуран, а истите можат:

- Да ја насочат истрагата, што пак потоа може да води до обвинение или рано ослободување на невино лице;
- Зголемување на јавната доверба во полицијата, особено на сведоците и жртвите од кривични дела кои доаѓаат во директен контакт со полицијата;
- Спречување на недостаток на кредибилитет и загуба на довербата, нерешени кривични дела.

Раководителот на Оперативниот тим треба да ги искористи знаењата и способностите на координаторот за разговорот, вклучувајќи го во случајот уште во најрана фаза на устрагата. Координаторот може да му помогне на раководителот на оперативен тим да ги утврди соодветните стратегии и да се формулира процедура за утврдување на конкретни категории на сведоци и да ги спроведе самите разговори.

Координаторот за разговор треба да е способен и да му помогне на раководителот во изборот на соодветна екипа од полициските службеници за водење на процесот на истрага и да може биде поддршка на раководителот во текот на целиот процес. Општата стратегија за разговор со сведоци треба адекватно да ги покрива повеќето од разговорите со сведоците при секоја истрага.

Сепак, можно е да се појават и специфични околности поради кои треба да се изготви специфична стратегија за разговор со индивидуални сведоци. Ваквата специфична стратегија за разговор со индивидуален сведок како резултат на:

а) можниот карактер на нивното сведочење и

б) проблеми кои можат да влијаат на способноста на сведокот или осомничениот да разговара со полициските службеници што се задолжени да го водат разговорот, а се појавиле околности кои ја оневозможиле можноста да комуницираат со нив.

Без разлика дали некое лице е во својство на сведок или осомничен, тој е во категоријата кога е потребно да се пронајде, да се обави разговор и да се елиминира (Пронајди, Разговарај, Елиминирај - ПРЕ) или осомничи. Важно е да се знае како е потребно да се постапува со нив и да се наметне однос како тие ќе постапуваат со членовите на истражниот тим.

Сослушувањето е сложено и комплексно доказно дејствие што се спроведува во рамките на истражната и судската дејност, а се состои од прибирање искази на сведоци заради проверка на доказите.

Стратегија за разговор е преглед на високо ниво за процесот на разговор со сведокот во контекст на севкупната истрага. Стратегијата за разговор се договара со широка дискусија помеѓу раководителот на оперативниот тим, советникот за разговор и обучените лица за разговор.

Општа стратегија за разговор со сведок главно се применува кога се има потреба да се работи со бројни сведоци, а треба да се земе предвид во истражните активности, иако може да се изготви подоцна во текот на истрагата.

На постапката на сослушување ѝ претходи фазата на темелно проучување на целокупниот доказен материјал кој е во кривичниот предмет, како што се: записникот за увид, криминалистичката реконструкција, претходни изјави од сведоци и слично.

Пред почетокот на сослушувањето треба да се проучат и социодемографските, психофизиолошките и други својства на лицето кое се сослушува, а кои се однесуваат на: полот, возраста, образованието, професијата, дали се располага со податоци за можните психички реакции од настанот од претрпениот страв, дали има реакција на резервираност, конфликтност на личноста и слично.

Потребно е да се одредат и потребните и соодветните лица кои ќе можат да бидат присутни во просторијата додека трае сослушувањето, во смисла на задолжителна потреба од присуство на: адвокат, преведувач, психолог, технички персонал кога има потреба да се направи аудио или визуелен запис, или има потреба за присуство на родител, како во случај кога се сослушува малолетник.

Местото каде ќе се врши сослушување на сведоците може да биде кабинетот на ЈО, канцеларијата на полициското службеник кој ќе го води сослушувањето на сведокот, или пак, место на сослушување може да биде и лице местото на настанот, кога е потребно да се прави реконструкција или криминалистички експеримент на настанот.

Во принцип, сведокот на разговор е потребно да се повикува на сослушување по писмен пат, но во некои случаи поради итноста на постапката, тој може да биде повикан и телефонски.

Во случаи кога сведокот не се отповикал на поканата во предвиденото време и место, а своето отсуство не го оправдал, може за реализација на сослушувањето да биде и приведен. Времето предвидено за негово повикување е во текот на денот, но по исклучок, заради итност на постапувањето некогаш сослушувањето може да биде закажано и веднаш.

Од голема важност е да се знае и категоризацијата на којашто може да ѝ припаѓа сведокот. Имено, сведокот може да биде:

Ранлив – во оваа категорија спаѓаат:

- сите деца кои можат да се појават за сведоци, кои во моментот на сослушување се на возраст под 18 години;

- сведоци кои страдаат од некакво ментално пореметување или имаат некакво нарушување на интелигенцијата или на социјалното функционирање;
- сведоците имаат некаков физички инвалидитет или страдаат од некакво физичко нарушување.

Исплашени-сведоци се од ранливата категорија како резултат на околностите.

- Во случајов исплашените сведоци се дефинирани како оние чиј квалитет на сведочење може да се намали поради страв или страдање;
- Заради одредувањето дали сведокот спаѓа во оваа категорија, полицијата треба да го земе во обѕир: карактерот и наведените околности, возраста, социјалното, културното и етничкото потекло, домашните и работните околности, религиозни убедувања и политички ставови;
- Особено треба да се анализираат ставовите на сведокот спрема: обвинетиот, членови на семејството на обвинетото лице или деловните партнери, минатото на наводниот сторител, особено дали тој или таа имале некаква претходна историја на насилство или заплашување;
- Каков бил односот на сведокот со жртвата и со членовите на нејзиното семејство, со колкав степен на чувство на емпатија за настанот располага и сл.;
- Важен сведок е лице кое можеби било или тврди дека бил очевидец на самиот настан, на некаков начин е извршено делото на убиство, или пак колку сведокот кој е поврзан со жртвата.

Сите овие информации на некаков начин имаат централно место во истрагата. Раководителот на оперативниот тим, заедно со советникот за разговор, сите овие информации ќе треба да ги утврдат и класифицираат, за тоа кои од сведоците се важни. Сведоци кои се категоризираат како ранливи или исплашени смеат да бидат испрашувани само од обучен персонал во соработка со координатор за разговор.

4.11.2 Заштита на сведоци

Во ЗКП е предвидена посебна категорија на сведоци, како што се сведоците за кои постои веројатност дека со давањето исказ или со одговор на определено прашање би се изложиле себеси или нивно блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет, а со цел да се заштитат, го ускратуваат правото да дадат исказ или да изнесат податоци сѐ додека не се обезбедат услови за нивна заштита.

Заштитата на загрозениот сведок се состои во посебен начин на испитување и учество во постапката. Ако јавниот обвинител оцени дека стравувањето од опасноста и стравот се реални и основани, ќе го прекине испитувањето и ќе преземе итни дејствија согласно одредбите за заштита на сведоците.

Проценката дали сведокот треба да има посебен третман на заштита, треба да се проценува конкретно во дадената ситуација дали има опасност по неговиот живот или може да се доведе во опасност животот на нему блиско лице. Кога е потребно да се размислува за потреба за заштита на сведоци, треба да имаат предвид и следниве факти:

- Дали сведокот е оштетена страна или жртва, и дали истиот придонел со нешто за да се најде во таквата ситуација;
- Какво е неговото минато и која е семејната структура на сведокот;
- Дали заканата е вистинска и реална или само во очите на сведокот се гледа како таква;
- Дали сведокот или членовите од најблиското семејство имаат некакво криминално минато;
- Дали постојат други лица кои можат да се појават како сведоци кои можат да ги дадат ист квалитет на информации како и сведокот кој смета дека е изложен на ризик.

Исказот кој е даден според правилата за посебен начин на испитување на загрозен сведок може да се користи во текот на испитувањето, а потоа ќе се издвои од списите и ќе му се предаде на судијата на претходната постапка на чување во запечатен плик.

Повикувањето на заштитениот сведок во претходна постапка или на главна расправа се врши преку Одделението за заштита на сведоци при Министерството за внатрешни работи.

Во претходна постапка заштита на загрозениот сведок се врши веднаш штом ќе се дознае за постоењето на веројатноста на околностите кои можат да го загрозат сведокот. Јавниот обвинител е обврзан да ги преземе мерки за заштита на загрозениот сведок.

Најнапред треба да го извести и да го запознае загрозениот сведок дека ќе се преземат мерки за негова заштита. Јавниот обвинител со решение ќе го определи псевдонимот на загрозениот сведок, како и посебниот начин на учество во постапката и на испитувањето. На испитувањето на загрозениот сведок во претходната постапка не присуствуваат обвинетиот и неговиот бранителот, ниту оштетениот и неговиот законски застапник.

Давањето на исказ на заштитениот сведок може да се состои од прикривање на идентитетот, а во определени случаи и изгледот на загрозениот сведок. Испитување под псевдоним се однесува само на прикривање на личните податоци, испитувањето ќе се спроведе под псевдоним без наведување на другите податоци. Во другиот дел испитувањето ќе се спроведе според општите одредби за испитување сведок.

4.12 Откривање на сторителот

Начелата на брзина и оперативност, како криминалистички начела доаѓаат во полн израз веднаш по добиеното сознание дека е сторено убиство. Согласно начелата, идеално би било постапувањето на органите задолжени за откривање, разјаснување и докажување на кривичното дело, во постапувањето со преземањето на оперативно-тактичките мерки и истражните дејствија да постапат веднаш - како во делот на постапувањето за откривање на сторителот на кривичното дело, така во откривањето на релевантни материјални траги важни за доказниот процес.

Изминатото време од стореното убиство до придвижувањето на откривачкиот механизам е обратнопропорционално на штетата на откривачкиот процес. Од тактички и процесни причини логично откривачкиот процес започнува со увид на местото на настанот, потоа следи обдукција на

жртвата и одредени вештачења, во зависност од околностите на самото убиство. Врз основа на собраните факти, се прават верзии за тоа како се одвивал кривичниот настан и се планира понатамошната оперативна дејност и понатамошната криминалистичка обработка. Со откривањето на лешот се пристапува кон идентификација на жртвата и со откривање на нејзините криминалистички карактеристики, кои се однесуваат на начинот на живот, со што ќе се прават верзии кои можат да се поврзат со можен сторител кој би ѝ наштетил.

Во некои случаи кога е пронајден леш, на почетокот не се претпоставува за што конкретно се работи и дали е поради: природна смрт, самоубиство или се работи за убиство? Одговорот на ова прашање ќе го даде судскиот медицинар преку обдукцијата.

Преку анализата на односот на жртвата и сторителот се доаѓа до мотивот на сторителот. Со методот на оперативна проверка се прави елиминација на кругот на осомничени лица. Кога сторителот и жртвата се познавале, поставувањето на верзии за настанот им ја олеснува криминалистичката работа во откривачкиот процес. Работата е усложнета кога не може да се направи поврзување помеѓу жртвата и сторителот.

За констатирањето на кругот на осомничени лица придонес даваат трагите и предметите кои се пронајдени на местото на настанот. Со анализата на индицијалните факти кои потекнуваат од сторителот или од средствата со кои го извршил делото и од информативниот разговор се доаѓа до кругот на осомничени.

Од сите добиени индицијални факти се формира профилот на можниот сторител. Профилирањето е вид на криминалистичка алатка за утврдување на идентитетот на сторителот.

4.13 Лишување од слобода

За причините и за времето на лишувањето од слобода правосудната полиција го известува судијата на претходната постапка, за што составува службена белешка.

При лишувањето од слобода лицето веднаш ќе се запознае за причините за лишувањето од слобода и ќе се поучи за правата од членот 69 на овој закон веднаш или откако за тоа ќе се создадат услови.

На активноста за лишување од слобода се пристапува откако претходно е обезбедена писмена наредба од јавниот обвинител. Лишување од слобода без налог на суд е предвидена во Чл. 158 од ЗКП само во исклучителни ситуации и тоа:

(1) Лицето затечено во извршување на кривично дело за кое се гони по службена должност може да го лиши од слобода секој ако постои опасност од бегство за што веднаш се известува полицијата. Лицето лишено од слобода се задржува сè до доаѓањето на полицијата, која мора за тоа веднаш да биде известена.

(2) Лице затечено во извршување на кривично дело е лице кое е забележано при вршење на дејствието на делото, односно лице кое непосредно по сторено кривично дело е затечено под околности кои укажуваат дека сторило кривично дело.

(3) Правосудната полиција е должна веднаш, а најдоцна во рок од шест часа од лишувањето од слобода да го изведат лицето пред судија на претходна постапка.

Активноста за лишување, како и секоја друга активност што ја презема полицијата треба внимателно да биде испланирана и подготвена. Планот за апсење треба да биде однапред подготвен. Со планот за апсење треба да се задоволат две начела: начелото на изненадување и начелото на брзина и конспиративност.[83]

Стратегијата преку која ќе се спроведе апсење не треба да се гледа како шаблон, таа треба конкретно да се прилагодува на секој индивидуален случај. Изборот на членови на групата која ќе ја спроведе активноста за лишување од слобода е од важност. Од членовите на групата се очекува да бидат добро физички и кондиционо подготвени и барем еден од нив да ја познава топографијата на теренот, каде што ќе се спроведува апсењето.

Кога ќе се одбере групата за апсење, се назначува еден од нив за раководител. Раководителот претходно ги распоредува членовите на тимот со

[83] Водинелиќ, В. Криминалистика, Скопје, 1982, стр 117

конкретните задачи и дискутра со групата за можностите кои можат да настанат во моментот на реализирање на активноста.

Екипата треба да има сознанија и информации за личноста која ќе се лишува од слобода, како во смисла да располага со негова фотографија, личен опис, да има информации за неговите карактерни особености и навики, дали легално располага со оружје, дали е регистриран во криминалистичката оперативна евиденција за некое друго кривично дело и слично. Од особена важност за екипата да располага со план или скица од местото каде што ќе се реализира апсењето, за истата да има сознанија за приодните и отстапните места и сл.

Од лицето кон кое се презема мерката лишување од слобода може да се очекува тоа да не дава отпор или истото да дава активен отпор. Постапувањето на екипата треба да биде со внимание и да биде подготвена сè да очекува од ваквите сторители. На почетокот лицето кое се лишува од слобода може да делува смирено, но тоа не смее да биде предуслов да се намали вниманието на групата за апсење и да се намали будноста и насоченоста на вниманието. Употребата на огнено оружје во услови кога се спроведува мерката лишување од слобода може да биде исклучиво во крајна нужда, а употребата на други средства за присилба може да биде само во насока на кршење на дадениот отпор во мерка на нужно.

Ако се претпоставува дека лицето ќе дава активен отпор, апсењето треба да биде спроведено на изненадување и на отворен простор, за да не биде во состојба да организира самоодбрана, или пак, ноќе да се затекне во домашни услови, повторно со изненадување.

По ставањето на лисици на рацете завртени на грбот, се пристапува кон негов личен претрес со цел пронаоѓање на оружје и орудија со кои би можел на себе или на некого да наштети или кон пронаоѓање на траги и предмети со кои може да се докаже неговата поврзаност со кривичното дело. Веднаш му се одземаат личните документи и парични средства, а за сè што е пронајдено при личниот претрес се составува записник.

АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА УБИСТВА НА ЖЕНИ ВО РСМ

5.1. Резултати од истражувањето

Во фокусот на ова истражување е убиството на жени и девојчиња како резултат на родовите норми. Меѓу многуте документи, преку кои се привлекува внимание врз алармантните размери, достигнати од овој феномен во сите негови различни манифестации, најзначајна е резолуцијата на Генералното собрание на Обединетите нации за 2013 година - „Преземање мерки против убиство на жени и девојчиња во врска со половите“. Неколку национални влади, меѓународни организации, академици и поборници за правата на жените го користат терминот „фемицид“, за да се однесуваат на овој проблем. Поимот убиство поврзано со полот, или „фемицид“, бара разбирање за тоа кои дела се поврзани со полот; нешто што е предмет на одреден степен на толкување. На пример, во многу случаи постои континуитет на насилство (интимен партнер) што кулминира во убиство на жени, дури и кога сторителите немаат специфични (мизогинистички) мотиви. Како и да е, некои аспекти на родово убиство на жени се неспорни, едниот е дека овој вид на убиство е дел од женско убиство, но сепак сите женски убиства не се поврзани со полот. Затоа, само специфичен, но значителен, удел може да биде класифициран како „убиства поврзани со жени и девојчиња“, т.е. „фемицид“. Полово убиство на жени и девојчиња се извршува во различни контексти и преку различни механизми. Во поширока смисла, ваквите убиства можат да се поделат на оние извршени во семејството и на оние извршени надвор од семејната сфера. Достапноста на податоците на национално ниво покажува дека огромното мнозинство на случаи на овој вид криминал спаѓа во првата категорија.

5.2. Дискусија на резултатите

Собирањето на податоците се одвиваше во две фази во периодот ноември – декември 2020 година. Во првата фаза целта беше да се добие вкупен број на случени убиства на жени во периодот од 01.01.1991 до

31.12.2020 година. Беа испратени барања за информации од јавен карактер до Основните судови со проширена надлежност. Беа разгледани веб-страници на медиуми, кои располагаат со стории или податоци за сторени убиства на жени со име и презиме на жртва и сторител или првично осомничен, однос помеѓу жртвата и сторителот, место и начин на случување, а за дел од случаите и мотив за убиство.

До Основните судови беа испратени барања до оние со проширена надлежност лоцирани во Скопје, Тетово, Гостивар, Куманово, Кочани, Струмица, Струга, Битола, Штип, Велес, Охрид и Прилеп. Беа добиени одговори од Основните судови во Куманово, Штип, Гостивар, Велес, Охрид и Битола, при што Основниот граѓански суд од Скопје известија дека немаат постапувано по случаи на убиства на жени после 2007 година. Имено, по извршената реформа во судството во 2007 година, Основниот граѓански суд Скопје е надлежен исклучиво од граѓанска материја, која е регулирана со важечките позитивни правни прописи од оваа област.

Во барањата за пристап до информации од јавен карактер, беа поставени следниве прашања:

1. Дали и колку предмети се водат и/или воделе пред судот поврзани со убиства на жени во Република Северна Македонија во период од 1991 година до 2020 година?
2. Дали сторителите на убиствата се мажи?
3. Дали убиствата се случени во кругот на семејството на жртвата?

На првото прашање сите судови, без исклучок, одговорија дека податоците кои ги даваат се однесуваат за периодот од 2010-2020 година, односно, во периодот од кога е воспоставен АКМИС-системот, а податоците од претходно е потребно рачно да се пребаруваат, за што судовите немаат човечки ресурси.

Во одговорите од Основните судови беа добиени сумарни податоци за бројот на случаи по кои е постапувано, податоци за половата структура на сторителите и жртвите, како и дали убиството е како резултат на семејно насилство.

Во табелата подолу се претставени податоците добиени од судовите во Македонија, односно бројот на убиени жени поделени по судови, периодот во кој се извршени, вршителот на убиството по пол и дали фемицидот е како резултат на семејно насилство, како и причините за смрт.

Табела 1: Случаи на убиство на жени

Основен суд	Период	Број на предмети	Вршител на убиство (пол)	Причина за смрт
Куманово	2010-2020	3	Маж	Семејно насилство
Штип	2010-2020	2	Маж	Семејно насилство
Гостивар	2010-2020	11	Маж	Во 3 од случаите, семејно насилство
Велес	2009-2020	15	Маж	Во 11 од случаите, семејно насилство
Охрид	1997-2020	5	Маж	Семејно насилство
Битола	2010-2020	15	2 мажи 2 жени	Семејно насилство
Вкупно		51		

Втората фаза опфати обезбедување информации од повеќе национални и регионални медиуми, доколку имаат проследено стории или податоци за сторени убиства на жени со име и презиме на жртва и сторител или првично осомничен, однос помеѓу жртвата и сторителот, место и начин на случување, а за дел од случаите и мотив за убиство.

Споредувајќи ги информациите од повеќе медиуми, беа добиени и подетални информации, како име и презиме на жртва и сторител или првично

осомничен, однос помеѓу жртвата и сторителот, место и начин на случување, а за дел од случаите и мотив за убиство.

Од медиумските известувања се доби информација дека во најголем број од случаите, убиствата се извршени како резултат на семејно насилство. Во голем број од нив, сторителите по убиството извршиле и самоубиство.

Мотивот за убиство во најголем дел од случаите се конфликтни односи помеѓу партнерите, без разлика дали се во брачна, вонбрачна или интимна партнерска врска. Конфликтот бил предизвикан од љубоморни однесувања и сомнежот на сторителот дека партнерката/сопругата го изневерува со друг/и, иако не постојат докази за такви дејствија. Прекинот на врската и поднесување на тужба за развод на брак, исто се јавува како мотив во некои од случаите. Значајно е да се напомене е дека многу често жртви се и блиски членови на семејството на примарната жртва, особено кога мотивот е поврзан со прекин на врска или развод на брак.

Ако го разгледуваме местото на случување, фемицидите најчесто се извршуваат во семејниот дом, каде жртвата и сторителот живеат заедно, а ако е веќе отпочната постапка за развод на бракот, во новиот дом на жртвата, но има и такви случаи кога од убиствата се случиле на јавен простор, или на работното место на жртвата.

Во најголемиот број на убиени жени, дури во 90%, кривичното дело може да биде класифицирано како фемицид, но има и такви каде извршителите се со сериозно психичко растројство и не може со сигурност да се утврди причината за убиството.

Кај повеќе од 60% од анализираните случаи на убиства на жени во Македонија, кривичното дело е извршено од страна на актуелниот или поранешен брачен или вонбрачен партнер со кого живееле во заедница. Иако во голем дел од случаите насилството не било пријавувано во соодветните институции, сепак постоело и се случувало зад затворени врати. Сведоци на претходно насилство најчесто биле децата, како и поблиското семејство на жртвата.

Дури и во ситуациите каде сторителот бил со нарушено психичко здравје и имал поставена дијагноза од стручно лице – психијатар, промената на однесувањето не била никаде пријавена или регистрирана.

Во повеќе од 80% од случаите убиството се случило во заедничкиот дом или доколку била отпочната постапка за развод, во домот на родителите на жртвата. Овој факт нè носи кон заклучок дека жените во Македонија се најнебезбедни во својот дом.

Најчесто користено оружје за извршување на убиството е огнено оружје – пиштол. Само во мал процент сторителите поседувале дозвола за оружје.

Изразен и силен гнев е присутен во голем дел од случаите на фемициди. Користените комбинирани методи/оружја за да се лиши од живот жртвата, укажуваат на решителноста на сторителот да го заврши започнатото.

Анализирајќи ги мотивите за убиство во случаите опфатени со истражувањето кај медиумите, најчест мотив за фемицид се несогласување со барањата и ставовите, незадоволување на потребите и стравот кај сторителот дека жртвата го изневерува, при што тоа се најевидентните фактори, за да се лиши партнерката од живот.

Но, мотивите за убиство не играат значајна улога во судската постапка и одредување на казната. Вниманието е насочено кон докажување на вина доколку нема сведоци и сторителот не го признава делото. Во случаите каде сторителот го признава делото, судот се концентрира на потврдување на изјавата и одредување казна.

И покрај тоа што во најголем број случаи убиството е извршено од брачен, вонбрачен или интимен партнер, за мал дел од предметите обвинението е за кривично дело убиство во семејно насилство. Овој наод нè води кон заклучок дека постои несензибилизираност кај судиите и јавните обвинители за фемицидот, како најтешка форма на семејно насилство.

Кај мал процент од анализираните случаи насилството било пријавено во полиција и Центар за социјална работа, што укажува на недовербата на жртвите кон институциите и постоечкиот систем за заштита. За постоење на насилство сведочат роднините и пријателите кои го потврдуваат постоењето на страв кај жртвата да пријави поради недоверба во институциите.

Иако генерално медиумското покривање на случаите на убиства на жени е сензационалистичко и проткаено со стереотипи и предрасуди, сепак е единствениот извор за добивање на информации за убиствата на жени, контекстот во кој се случиле, односот жртва – сторител, како и историја на насилство доколку постоело.

5.3. Компаративна анализа на убиства на жени

Турција

Во 2020 година, во Турција биле убиени 300 жени, а 171 починале под сомнителни околности.[84] Бројот пак, на непријавени случаи може да биде далеку поголем, бидејќи фемицидите честопати се третираат како самоубиства.

Грозоморното убиство на жени е премногу честа појава во Турција и веста за ваквите злосторства постојано ги шокира граѓаните. Убиството на 23-годишната жителка на Анкара, Суле Цет, во мај 2018 година, е случај што е длабоко во колективната меморија на Турција. Младата жена била силувана во канцеларијата од страна на двајца пијани мажи, од кои едниот бил нејзин шеф. Потоа таа била исфрлена од прозорецот на висококатницата. Мажите дале изјава пред полицијата дека Цет си го одзела животот - иако лекарскиот наод открил скршен врат, солзи во аналниот регион на жртвата и лекови за смирување во крвта - докази кои не се во согласност со самоубиство.[85]

Судењето траело шест месеци и било придружено со демонстрации и изрази на солидарност од жени. Притисокот на јавноста донел резултати, а судот во Анкара го осудил сторителот на доживотен затвор, а неговиот соучесник на скоро 19 години затвор.

Тогаш групите за правата на жените се надевале дека вниманието што го привлече овој случај ќе предизвика промена во општеството - не само од граѓанското општество, туку и од турскиот судски систем.

Трагичната смрт, пак, на 35-годишната Ајтен Каја од југоисточниот турски град Дијарбакир исто така се нашла на насловните страници. Каја била пронајдена обесена во нејзиниот дом.[86] Истражителите заклучиле дека таа извршила самоубиство. Државното обвинителство го затворило случајот.

[84] https://www.bbc.com/news/world-europe-56516462
[85] https://www.dw.com/en/how-many-femicides-in-turkey-are-covered-up-as-suicides/a-56752194
[86] https://www.taiwannews.com.tw/en/news/4141030

Но, роднините на жената не ја прифатиле таа верзија на настаните. Тие верувале дека таа била убиена и тврделе дека списите на случајот биле полни со дупки и противречности.[87]

Обдукцијата не успеала да го забележи времето на смртта и целото тело ѝ било покриено со модринки, што е невозможно да се случи кога има смрт со бесење. Аутопсијата исто така покажала дека жената имала три дена стари хематоми на телото. Нејзиниот сопруг, сезонски работник во земјоделството, последен пат бил дома точно три дена претходно. Сепак, и покрај бројните приговори, државните обвинители одлучиле да не се отвори случајот повторно.[88]

Во 2020 година биле регистрирани 300 фемициди, според бројките објавени од организацијата наречена „Да ги запреме фемицидите“[89], Организацијата вели дека дури 171 жена биле пронајдени мртви под сомнителни околности во Турција, а во некои од тие случаи имало и наводни самоубиства.

Родовите и домашните убиства честопати се нарекуваат „убиства на чест“. Антиженските чувства се длабоко всадени во турската култура. Претседателот на Турција и другите членови на турската Влада дале многу коментари за јавно деградирање на жените. Вообичаената реторика е дека жените не се еднакви со мажите и дека жените без деца се дефицитарни. Членовите на турската влада, исто така, јавно охрабруваат вербално малтретирање жени што носат шорцеви.

Во 2012 година, Турција стана првата земја што ја усвои Конвенцијата на Советот на Европа за родово засновано и семејно насилство.[90] Скратено, Истанбулската конвенција, предвидува закон за заштита на жртвите и гонење на сторителите на кривични дела. Особено, членовите 13 и 14 се клучни во однос на решавањето на проблемот на Турција со фемицидот во руралните области. Овие одредби го поддржуваат подигнувањето на свеста, како и

[87] https://www.taiwannews.com.tw/en/news/4141030
[88] https://www.taiwannews.com.tw/en/news/4141030
[89] http://www.kadincinayetlerinidurduracagiz.net/for-english
[90] https://en.wikipedia.org/wiki/Istanbul_Convention

преземањето на неопходните чекори во образованието за ненасилно решавање на конфликти во меѓучовечките односи.[91]

Сепак, спроведувањето на законот ретко ги следи овие основни принципи. Законот беше под дополнителна закана од страна на претседателот Ердоган и Конзервативната партија на правдата и развојот (АКП). АКП се обиде да го врати овој закон, со образложение дека ги загрозува традиционалните семејни вредности. Понатаму, конзервативните лоби групи протестираа против законодавството наведено во Истанбулската конвенција, со образложение дека промовира развод и „неморален начин на живот“.

Во превод, Турската влада практично го охрабри родовото насилство. Политичката напнатост во Турција, исто така, промовира родово насилство. Религиозниот милитаризам е растечка државна идеологија во Турција, која промовира мизогонија и ги прави жените полесни цели на злоупотреба. Покрај овие фактори, бенигниот став на Владата кон насилството врз жените ги охрабрува машките сторители и, во продолжение, фемицидот во Турција.

На 13 август 2020 година, турскиот претседател Рецеп Таип Ердоган ја објави својата намера да се повлече од Истанбулската конвенција.[92] Неговата Конзервативна партија за правда и развој (АКП) се обиде да ги повлече законските одредби, тврдејќи дека тоа ги загрозува традиционалните семејни вредности. Во период на алармантен проблем на Турција со родово засновано насилство, овој развој е беше загрижувачки во време кога Истанбулската конвенција требаше поинтензивно да се спроведува.

Претседателот Ердоган собра поддршка од моќните религиозни лоби групи кои активно се залагаа за измени во Истанбулската конвенција. Верските фундаменталисти во Турција ја опишаа Конвенцијата како закана што го крши членот 41 од турскиот Устав, кој го штити единството на семејството.

Турција едностранo се повлече од Конвенцијата во Истанбул од 20 март 2021 година.[93] Повлекувањето на Турција од Истанбулската конвенција и нејзината оправданост за тоа имаат потенцијал да ја зајакнат дезинформацискатa кампања во Централна и Источна Европа, да поттикнат

[91] https://www.humanrightspulse.com/mastercontentblog/the-long-overlooked-problem-of-femicide-in-turkey
[92] https://www.humanrightspulse.com/mastercontentblog/the-long-overlooked-problem-of-femicide-in-turkey
[93] https://www.ohchr.org/en/NewsEvents/Pages/DisplayNews.aspx?NewsID=26936&LangID=E

или во најмала рака да обезбедат изговор за другите потписнички да го сторат истото и да спречат ратификација и во другите земји.

Повлекувањето на Турција особено го оспорува легитимитетот на конвенцијата. Официјалниот став на Владата е дека целта на конвенцијата е киднапирана од луѓе кои се обидуваат да ја нормализираат хомосексуалноста, аспект кој се смета за некомпатибилен со турските социјални и семејни вредности.

Како одговор на меѓународните критики за повлекувањето на Турција од Истанбулската конвенција, Анкара тврди дека ги гарантира правата на жените со најнапредни норми и, како и во минатото, заедно со сите релевантни институции и организации, ќе ги преземат сите неопходни мерки за зајакнување на правата на жените и продолжување на најефективната борба против насилството врз жените. Членот 80 од Истанбулската конвенција дозволува која било од двете страни да го раскине договорот откако ќе го извести Советот на Европа. Истанбулската конвенција, првично наменета за поттикнување на зајакнување на правата на жените, подоцна беше искривена од оние што сакаа да ја нормализираат хомосексуалноста, што е некомпатибилно со турските социјални и семејни вредности. Одлуката на Турција да се повлече од Истанбулската конвенција беше донесена од истата причина.

Одлуката на турската влада беше пречекана со внатрешни критики и протести, особено од жени и опозициски партии. Повлекувањето од Конвенцијата за спречување на насилство врз жените се смета дека ќе доведе до постојана дискриминација на жените и родова нееднаквост.

Шведска

За само пет недели во 2021 година во Шведска беа убиени шест жени, при што се разбудија дебати за семејното насилство, иако се работи за земја чија родова еднаквост е на завидно ниво.

Убиените жени потекнувале од три региони и три генерации, но во скоро сите случаи имало една заедничка нишка: човек со кој имале блиски односи.

Две од убиствата се случиле сред бел ден: едно во рурален градски центар на југот на земјата, друго на железничка и автобуска станица во Линкопинг, универзитетски град јужно од главниот град.[94]

Во Флемингберг, предградие на Стокхолм, во кое живеат лица со ниски примања и преголема населеност, со нож била прободена жена, која живеела во стан со четири мали деца. Мажот бил уапсен под сомнение дека нејзиното убиство го извршил некој кого жената добро го познавала.[95]

Убиствата предизвикале меѓупартиски разговори за ова прашање, откако политичарите ги осудиле убиствата и започна лобирање за поостри активности.

Самопрогласената „феминистичка влада“ во Шведска веќе креира 10-годишна национална стратегија, која вклучува подобрување на образованието и нудење поголема заштита и поддршка на жените под закана.

Истата се очекува да предвидува подолги затворски казни и зголемување на употребата на електронски налози за обележување и ограничување. Малку е веројатно дека ќе се наиде на противење во парламентот.

Полициските службеници нападите врз жени и деца веќе ги сметаат за приоритетни, а за таа цел шведската полиција вработи дополнително 350 лица за справување со овие видови на злосторства.

Но, кривичните казни се само „почетна точка“. Се работи на подобрена соработка меѓу шведските власти, како што се здравствените и социјалните услуги, и општо за заедницата ова прашање да го сфати посериозно.

Сериозно прашање за кое се дебатира во Шведска е дали насилството треба да биде поврзано со имиграцискиот бран во оваа нордиска земја. Шведската полиција не регистрира осомничени за криминал според етничката припадност, но обвинителите велат дека многумина од мажите на кои им се суди немаат шведско потекло, а тие се користат како оружје од страна на антиимиграциските партии.

Националистичките шведски демократи бараат сузбивање на „увезените вредности“ со кои ќе се санкционира насилството врз жените.[96]

---

[94] https://www.bbc.com/news/world-europe-56977771
[95] https://www.bbc.com/news/world-europe-56977771
[96] https://www.bbc.com/news/world-europe-56977771

Шведска во последно време навистина има проблем со таканаречените „злосторства за чест“, кои се посветени на заштита или одбрана на наводната репутација на семејството или поширокаата заедница. Но, етикетирањето на насилството кон жените како „емигрантско прашање“ „навистина не го намалува проблемот“, опишувајќи го насилството врз жените како „длабоко вкоренето“ низ целото шведско општество.[97]

Шведскиот совет за спречување на криминал на 27 март 2018 година презентираше извештај, кој ги истакнува трендовите на криминал до 2015 година.[98]

Во него се забележува дека бројот на убиени жени од сегашен или претходен партнер е намален за скоро 20% од раните 2000-ти. Во 2008–2013 година, просечно починале 13 жени во една година како резултат на семејно насилство; помалку од просечно 17 во првата декада од новиот милениум и 1990-тите.[99]

Генерално, бројот на случаи на смртоносно насилство во Шведска паднал малку во 2018 година, но останува на високо ниво со пријавени 108 вакви случаи, помалку од 113-те претходната година.

Една од најголемите промени од година во година е процентот на инциденти на смртоносно насилство во кои сторителот бил партнер или поранешен партнер на жртвата.

Скоро една четвртина од случаите, вкупно 26, биле извршени од партнер или поранешен партнер – над двојно повеќе од претходната година, кога имало само 11 такви случаи.

Иако повеќето жртви на смртоносно насилство биле мажи (69 проценти), повеќето луѓе убиени од партнер или поранешен партнер биле жени, а ваквиот вид насилство претставува 67 проценти од сите убиства на жени: вкупно 22 жени.[100]

Процентот на жени кои биле жртви на смртоносно насилство останал непроменет; во извештајот на Шведскиот совет за спречување на криминал од

[97] https://www.bbc.com/news/world-europe-56977771

[98] https://www.bra.se/download/18.150e014616e16776004cfd/1614334230431/2019_11_Swedish_Crime_Survey_2019_Summary.pdf

[99] https://www.bra.se/om-bra/nytt-fran-bra/arkiv/press/2017-02-28-brottsutvecklingen-i-sverige---ny-rapport-fran-bra.html

[100] https://www.bra.se/download/18.150e014616e16776004cfd/1614334230431/2019_11_Swedish_Crime_Survey_2019_Summary.pdf

2017 година, во кој се вели дека „во околу една третина од сите случаи на смртоносно насилство, жртвата е жена и тоа се случува во текот на 25 години, период кога Шведскиот совет собираше информации“.[101] Ова бил случај и во 2018 година.

Во периодот 2012-2017 година, просечно 25 жени умирале секоја година поради смртоносно насилство, но бројот на оние кои умреле од рацете на нивниот сегашен или поранешен партнер бил околу половина од оваа бројка.

Помеѓу 1990-1995 година, просечно 17 жени умирале годишно од сегашен или поранешен партнер, бројка што паѓала на 14 жени секоја година до периодот 2010-2015 година. Во 2014 година, вкупно 16 жени биле убиени од партнер или бивш, а 12 жени биле убиени во 2015 година.

Анализа на спроведувањето на одредбите од Истанбулската конвенција во Шведска правеа група на експерти од Советот на Европа за акција против насилство врз жени и семејно насилство (ГРЕВИО).

Тие потенцираат позитивни иницијативи во спречување и борба против сите форми на насилство врз жените и семејното насилство на национално ниво и даваат предлози за подобрување на состојбата на жените кои се соочуваат со такво насилство.

Во однос на Шведска, ГРЕВИО ги истакнува бројните законодавни и политички мерки донесени во изминатите 40 години, кои јасно ја демонстрираат посветеноста на Шведска за спречување и борба против насилството врз жените.[102] Шведска доби меѓународно признание за иновативните приоди и силно лидерство во оваа област, што евалуацијата на ГРЕВИО ја потврдува во многу погледи. Во исто време, ГРЕВИО наоѓа голем број заостанати случаи на семејно насилство и силувања на кои се повикуваат органите за спроведување на законот да ги решат. Исто така, ја нагласува потребата за ефикасен систем на забрана за итни случаи и налози за заштита, вграден во мултилатерален пристап, вклучен во сите релевантни агенции и специјализирани женски услуги.

[101] https://www.bra.se/download/18.150e014616e16776004cfd/1614334230431/2019_11_Swedish_Crime_Survey_2019_Summary.pdf
[102] https://rm.coe.int/grevio-inf-2019-2/168091437c

Компаративна Анализа

Споредбата меѓу Турција и Шведска, држави кои се наоѓаат на европскиот континент, само ја докажува поларизираната пракса на државите потписнички на Инстанбулската конвенција, кон правата на жените и односот на институциите во случаите кога се случува фемицид.

Во изминатите неколку децении, високата распространетост на насилството врз жените и штетите врз жртвите и општеството беа признати од страна на меѓународните и националните власти.[103] Убиството на жени и насилството врз жените воопшто, беа решени со низа политики и програми кои користат одговори на социјално, јавно здравство и кривична правда.

Одговорите за кривична правда вклучија развој и спроведување на закони што забрануваат секаков вид на насилство врз жените, закони што ја елиминираат дискриминацијата врз жените, имплементација на политики и зајакнување на капацитетите на институциите.

Во различни прилики, меѓународната заедница се осврна на проблемот со родово убиство на жени. Декларација за фемицид за првпат беше усвоена во 2008 година од Комитетот на експерти за механизам за следење на Конвенцијата Белем до Пара (МЕСЕЦВИ), во која се вели дека „фемицидот“ претставува најтешка манифестација на насилство и дискриминација врз жените.[104] Генералното собрание на Обединетите нации усвои две резолуции за родово убиство на жени и девојчиња, во 2013 година[105] и 2015 година[106] ги охрабрува земјите членки да усвојат стратегии и одговори за решавање на насилството врз жените и намалување на ризикот од родово - поврзани убиства, вклучително и криминализација и гонење на родово насилство и обезбедување „соодветна казна за сторителите на родово убиство на жени и девојчиња да има и да бидат пропорционални на тежината на делото“.

Бидејќи повеќето форми на родово убиство на жени и девојчиња спаѓаат во општата дефиницијата за убиство во повеќето земји, а одговорот на кривичната правда на повеќето убиства поврзани со пол ја следи истата шема како и другите дела на убиства. Некои земји користат генерални одредби за

[103] García-Moreno, C. et al. “Addressing violence against women: a call to action”, The Lancet, 385(9978), (2015)
[104] Declaración sobre el Femicidio, para. 1. Available at https://www.oas.org/en/mesecvi/docs/DeclaracionFemicidio-ES.pdf.
[105] A/RES/68/191
[106] A/RES/70/176

кривично право за убиства, применувајќи построги казни кога постојат отежнувачки околности во случаи како што се убиство на сопруга или убиство на бремена жена. Другите земји воспоставија дополнителни законски одредби со цел да се гонат родови убиства врз жени и девојчиња поконкретно.

Овие дополнителни одредби можат да се класифицираат во два пристапа:[107]

1. Утврдување на специфичното кривично дело „фемицид“ или „феминицид“. Елементите што го карактеризираат ова специфично дело значително се разликуваат во законодавството. Овој пристап е прифатен пред сѐ во земјите од Латинска Америка, каде што стапките на родово убиство на жени и девојчиња се релативно високи, во споредба со оние во другите региони, како што е Европа.

2. Вклучување на отежнувачки фактори за кривични дела убиства. Овие вклучуваат објективни околности, како што се односот помеѓу жртвата и сторителот, и бременоста на жртвата, или субјективни елементи, т.е. омраза, предрасуди или чест.

Во однос на применливоста на овие закони за фемициди, елементите кои се среќаваат во мнозинството законски дефиниции се жени убиени од сегашни или поранешни интимни партнери и членови на семејството.

За фемицид извршен надвор од семејната сфера, законите доловуваат елементи што укажуваат на присуство на сексуално насилство, екстремна тортура и бруталност поврзана со убиство на жена или девојче. Усвојувањето на специфични закони не секогаш го олеснува гонењето на овие кривични дела како вистински убиства врз жени и девојчиња поврзани со родови или „фемициди“, бидејќи може да биде предизвик да се идентификуваат дополнителните елементи поврзани со полот, кои го сочинуваат кривичното дело. Законите што создаваат специфични дела за фемицид вообичаено воведуваат подолги затворски казни од оние што се применливи за убиство со умисла. Елементите на екстремна суровост, тортура, претходно семејно злоставување и сексуално насилство, исто така, се разработени од специфични закони. Компаративна студија на УНОДЦ покажа дека, покрај креирањето на специфични кривични дела, постојат и други начини на

[107] UNODC/CCPCJ/EG.8/2014/2

криминализација на одредени аспекти на убиство поврзано со полот.[108] Некои земји воведоа отежнувачки фактори поврзани со родот за убиства и други кривични дела. Во некои случаи, овие одредби беа формулирани на родово неутрален начин, додека други особено се однесуваат на жените. Отежнувачки фактори може да вклучуваат специфични мотиви (како пристрасност, омраза и дискриминација во однос на полот на една личност, како во Белгија, Канада и Шпанија, или мотив на чест и обичај, како во Турција) и фактички околности (како што е бременост, во Руската Федерација и Турција, или да биде сопруг на жртвата, како во Белгија, Шпанија и Турција). Некои држави, како што се Турција и Палестина, ги отстранија олеснителните околности од нивниот казнен законик, што се користи за намалување на казните за прељуба или други семејни околности. Воведени се и специфични одредби за криминализирање на убиството на деца, како што се чедоморство (на пример, во Ангола, Канада и Гватемала).[109] Казната за сексуално насилство и силување што резултира со смрт на жртвата може да биде еднаква или поголема од казната за едноставно убиство. Во некои земји, како што е Хрватска, обете дела се казнети со минимум пет години затвор, во Белгија со 20 до 30 години затвор, а во Франција со 30 години затвор. Во Руската Федерација, силување и насилни дела од сексуален карактер што резултира со смрт на жртвата се казнети со затвор од 12 до 20 години, додека за влошените форми на убиство се казнуваат со затвор од 8 до 20 години.[110]

Примери за одговори на кривичната правда кои се фокусираат на интервенција за спроведување на законот вклучуваат Латиноамериканскиот модел Протокол за истрага на родово убиство на жени (фемицид / феминицид)[111], развиен од Канцеларијата за човекови права на Обединетите нации во соработка со UN Women во 2014 година. Со цел да помогне во справувањето со високите стапки на неказнивост за ваквите злосторства во

[108] UNODC/CCPCJ/EG.8/2014/CRP.3, Criminalization of gender-related killing of women and girls
[109] UNODC/CCPCJ/EG.8/2014/CRP.1, National measures taken to prevent, investigate, prosecute and punish gender-related killings of women and girls; Expert Group on gender-related killing of women and girls, Bangkok, 11-13 November 2014
[110] UNODC/CCPCJ/EG.8/2014/CRP.1., National measures taken to prevent, investigate, prosecute and punish gender-related killings of women and girls; Expert Group on gender-related killing of women and girls, Bangkok, 11-13 November 2014
[111] UN Women, Latin American Model Protocol for the Investigation of Gender-related Killings of Women (femicide/feminicide (2014)

многу земји во регионот, протоколот подоцна беше имплементиран во Аргентина и Бразил.

Податоците за проценка на одговорот на кривичната правда на родово убиство на жени не се достапни на регионално или глобално ниво. Земјите ретко ги разделуваат статистичките податоци за гонење или осудување според видот на убиството и тешко е да се измери дали нивото на убедувања е адекватен одговор на проблемот.

Во Европа, „фемицидот“ обично не претставува посебна правна категорија во системот на кривична правда. Развојот на политиките се фокусираше на препознавање на насилство врз жени и убиства на интимни партнери како сериозни човекови права и јавно здравствени проблеми на кои им треба внимание. Истражувањето процени до кој степен развојот на политиката во овие области влијаеше на појавата на убиство на интимни партнери во 10 европски земји (Финска, Франција, Германија, Италија, Холандија, Португалија, Словенија, Шпанија, Шведска и Велика Британија). Врз основа на периодот кога беше развиена политика за семејно насилство и насилство од интимен партнер од страна на нивната Влада, земјите беа категоризирани како „земји од рана птица“, кои развиваат владини политики од средината на 1970-тите / раните 1980-ти (Холандија, Шведска и Обединетото Кралство); „Средни земји“, кои развиваат активности на владата од крајот на 1980-тите/раните 90-ти (Финска, Франција, Германија и Шпанија); и „Новодојдените земји“, кои развиваат владини активности од средината на 90-тите години на минатиот век (Италија, Португалија и Словенија). Не е пронајдена директна врска помеѓу распространетоста на убиството на интимен партнер меѓу убиствата кај жените и развојот на политиките за насилство кај интимниот партнер. Сепак, беше воспоставена врска помеѓу одредбите на политиките и достапноста на рутинските статистички податоци за убиството на интимен партнер извршено од маж и жена.[112]

[112] Corradi, C., and Stöckl, H., “Intimate partner homicide in 10 European countries: Statistical data and policy development in a cross-national perspective”, European Journal of Criminology, 11(5), (2014)

ЗАКЛУЧОК

Од целокупното спроведено истражување, се извлекуваат заклучоците дека во Република Северна Македонија фемицидот не е препознаен како посебно кривично дело во Кривичниот законик и се регистрира како и секое друго убиство. Семејното насилство или насилството на интимен партнер што му претходело на убиството се зема како отежнувачка околност во судските постапки и одредувањето на казните. Понатаму, поопфатен опсег на координирани услуги треба да бидат обезбедени од полицијата, системите за кривична правда, здравствените и социјалните услуги. Покрај тоа, за да се спречи и справи со убиството поврзано со полот на жени и девојчиња, треба да бидат вклучени и мажите во напорите за борба против насилството на интимниот партнер / убиството поврзано со семејството и во промената на културните норми кои се оддалечуваат од насилната машкост и родовите стереотипи.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

- Ангелески, М. (2007) Вовед во криминалистика, Скопје
- Водинелиќ,В. Криминалистика, Скопје, 1982, стр.125
- Јариќ, В. и Радовиќ, Н. (2011) Речник за родова рамноправност, Второ изменето и дополнето издание, Белград
- Камбовски, В. (1982) Кривично право посебен дел, НИО, Студентски збор
- Константиновиќ – Вилиќ, С. И Николиќ-Ристановиќ,В. (2003) Криминологија, Ниш
- Корајлиќ,Н. (2007) Криминалистичка методика (крвни, сексуални, имотни), Сарајево/Приштина
- Кралев, Т. (2004) Криминологија: преглед на основните поими, Студентски збор
- Матовски Н., Бужаровска Л.Г. Калајџиев Г. (2011) Казнено процесно право, Скопје
- Николоска,С. (2015) Методика на истражување на општ криминалитет, Скопје
- Петровиќ, А. (1981) Криминалистичка методика, Београд
- Симоновиќ,Б. (2004) Криминалистика, Крагујевац
- Стеван Алексоски (1997) Криминална психологија: (Психосоцијалните фактори на престапништвото на младите), Штип; Прилеп: Педагошки факултет „Гоце Делчев" : П.П.Елвор (Кочани: Младост);
- Судски вештачења и нивната доказна вредност, Скопје, 2018
- Сулејманов, З. (1995) Убиствата во Македонија, НИО, Студентски збор
- Фришиќ,Е.Методологија на вршење увид кај сериозни кривични дела,криминалистичко
- Џуклески,Г. (2009) Вовед во криминалистика, Скопје
- Шепаровиќ, З. (1981) Криминлогија и социјална патологија, стр. 99, Загреб,
- Bačič, F. (1989) Opšti pogled na krivično pravnu problematiku delikta nasilija, Prosveta, Beograd

- Corradi, C., and Stöckl, H., “Intimate partner homicide in 10 European countries: Statistical data and policy development in a cross-national perspective”, European Journal of Criminology, 11(5), (2014)
- Dinitz, S, The Antisocial Personality, Forensic psychiatry and psychology, F.A Davis, Company, Philadelphia
- García-Moreno, C. et al. (2015) Addressing violence against women: a call to action, The Lancet, 385(9978)
- Stoeckl, H. et al., (2013) The global prevalence of intimate partner homicide: A systematic review”, The Lancet, Vol. 382
- Zerjav, C. Kriminalistika, (1986) Obrazovni centar za unutrasne poslove RSUP Hrvatske, Zagreb

Документи и закони:

- Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, Анализа на случаи на фемициди- убиства на жени во РМ, 2018, Скопје;
- A/HRC/14/24/Add.6, Report of the Special Rapporteur on extrajudicial, summary or arbitrary executions, Philip Alston, Fourteenth Session, 28 May 2010
- Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, Анализа на случаи на фемициди- убиства на жени во РМ, 2018, Скопје;
- Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 и 97/2017)
- Уставот https://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx
- A/RES/68/191
- A/RES/70/176
- UNODC/CCPCJ/EG.8/2014/2
- UNODC/CCPCJ/EG.8/2014/CRP.3, Criminalization of gender-related killing of women and girls

- UNODC/CCPCJ/EG.8/2014/CRP.1, National measures taken to prevent, investigate, prosecute and punish gender-related killings of women and girls; Expert Group on gender-related killing of women and girls, Bangkok, 11-13 November 2014
- UNODC/CCPCJ/EG.8/2014/CRP.1., National measures taken to prevent, investigate, prosecute and punish gender-related killings of women and girls; Expert Group on gender-related killing of women and girls, Bangkok, 11-13 November 2014
- UN Women, Latin American Model Protocol for the Investigation of Gender-related Killings of Women (femicide/feminicide (2014)

Веб-страници:

https://en.wikipedia.org/wiki/Femicide
https://www.mkd.mk/makedonija/politika/vo-kochani-prv-sluchaj-na-femicid-vo-2018-godina?page=9
https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/MEMO_18_5904
https://issuu.com/wilfridlaurieruniversity/docs/acuns-nov13/3
https://www.endfgm.eu/female-genital-mutilation/
https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/
http://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/Zakon_za_Krivicna_posta
https://sr.wiktionary.org/wiki/svedok
https://www.bbc.com/news/world-europe-56516462
https://www.dw.com/en/how-many-femicides-in-turkey-are-covered-up-as-suicides/a-56752194
https://www.taiwannews.com.tw/en/news/4141030
http://www.kadincinayetlerinidurduracagiz.net/for-english
https://en.wikipedia.org/wiki/Istanbul_Convention
https://www.humanrightspulse.com/mastercontentblog/the-long-overlooked-problem-of-femicide-in-turkey
https://www.ohchr.org/en/NewsEvents/Pages/DisplayNews.aspx?NewsID=26936&LangID=E
https://www.bbc.com/news/world-europe-56977771

https://www.bra.se/download/18.150e014616e16776004cfd/1614334230431/2019_11_Swedish_Crime_Survey_2019_Summary.pdf
https://rm.coe.int/grevio-inf-2019-2/168091437c
https://www.oas.org/en/mesecvi/docs/DeclaracionFemicidio-ES.pdf.